# Локалното новинарство под ризик:

## медиумска слобода, родово условени динамики и демократска отпорност



Реактор - Истражување во акција, Скопје 2026

20 REACTOR years research in action

LE GOUVERNEMENT
DU GRAND-DUCHÉ DE LUXEMBOURG
Ministère des Affaires étrangères
et européennes

Direction des affaires européennes et
des relations économiques internationales

# Локалното новинарство под ризик:
## медиумска слобода, родово условени динамики и демократска отпорност



**Наслов:** Локалното новинарство под ризик: медиумска слобода, родово условени динамики и демократска отпорност

**Наслов на оригиналот:** Local Journalism at Risk: Media Freedom, Gendered Dynamics and Democratic Resilience

**Издавач:** Реактор – истражување во акција

**Уреднички:** Тања Иванова и Марија Башевска

**Авторки:** Душица Лазова и Јана Димитрова

**Превод од англиски:** Јулија Мицева

**Графички дизајн:** Кристина Атанасова

**Печат:** ПринтЦентар, Скопје

**Тираж:** 50 копии

Скопје, 2026
Бесплатен/Некомерцијален примерок

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

338+349.2:070(497.7-21)(047.31)
305:070(497.7-21)(047.31)
070.13:34(4-672ЕУ:497.7)(047.31)

ЛАЗОВА, Душица
Локалното новинарство под ризик : медиумска слобода, родово условени динамики и демократска отпорност / [авторки Душица Лазова и Јана Димитрова ; превод од англиски Јулија Мицева]. - Скопје : Реактор - Истражување во акција, 2026. - 64, 56 стр. ; 23 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Local journalism at risk : media freedom, gendered dynamics and democratic resilience. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивна насока. - Текст на мак. и алб. јазик. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4684-62-6

1. Димитрова, Јана [автор]
а) Локално новинарство -- Социоекономски услови -- Македонија -- Истражувања б) Локално новинарство -- Родови динамики -- Македонија -- Истражувања в) Слобода на медиумите -- Правна рамка -- Европска Унија -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 68417541

Овој материјал е целосно или делумно финансиран од Министерството за надворешни и европски работи, одбрана, развојна соработка и надворешна трговија на Луксембург, кое не мора нужно да ги споделува ставовите изразени во него. Содржината е единствена одговорност на авторот.

# Содржина


**Вовед** 6
- Поставување на истражувањето и клучни цели: локалното во фокус 7
- Изјава за методолошка и етичка усогласеност 10

**Истражувачки пристап** 14
- Методолошки принципи 15
- Собирање на секундарни податоци 16
- Собирање на примарни податоци 17
- Ограничувања на студијата и насоки за идни истражувања 19

**Правна рамка** 22
- Меѓународна рамка 23
- Национална рамка 25

**Контекстуална анализа и наоди** 30
- Работнички права и социоекономски услови 31
- Медиумска слобода и безбедност на локалните новинари 36
- Заштита, синдикално здружување и солидарност 52

**Поглед кон иднината: Автономијата, ограничувањата и можностите на локалното новинарство** 56

**Препораки** 60

# ВОВЕД



Според најновиот извештај на организацијата „Репортери без граници“, новинарите во Северна Македонија не се соочуваат со систематски непријателска средина. Сепак **политичкото влијание, ширењето на дезинформации и зголемената девалвација на професијата** продолжуваат да го поткопуваат капацитетот за независно, сеопфатно известување и ја деградираат довербата на јавноста во медиумите.[1] Особена мета на закани, заплашување и економски притисок се независните и локалните медиуми, додека функционерите се однесуваат презриво и понижувачки со новинарите.[2] Ова е особено присутно во помалите градови во земјата каде ресурсите се оскудни, а близината на новинарите до моќта е неизбежна.

Во вакви околности, **функцијата на медиумите како граѓански чувари на демократијата** преку преиспитување на власта, барање транспарентност од државната администрација и обелоденување на неправдите со кои се соочуваат луѓето – станува сè потешка. Кога институциите се поткопани со корупција,[3] а медиумскиот сектор се соочува со прекарни работни услови,[4] целосната уредничка независност се чини како далечен идеал. Сепак, новинарството ја исполнува суштинската демократска цел токму во наведените ограничувања: **ја обелоденува злоупотребата на моќта во име на јавната вистина и отчетност** и ја одржува демократската отпорност на ниво на заедницата. [5]

Ваквата улога е особено клучна во околности каде корупцијата не претставува само апстрактен проблем при владеењето, туку реалност што длабоко влијае врз секојдневната интеракција меѓу граѓаните и институциите. **Корупцијата сè уште е суштествен предизвик во Северна Македонија.** Според Индексот на перцепција на корупцијата на Транспаренси Интернешнл за 2024 г., земјата е на 88 место од 180, со 40 поени од вкупно 100, при што бележи пад од 12 места во споредба со минатата година.[6] Неодамнешните истражувања откриваат дека еден од тројца граѓани во Северна Македонија платил некаква форма на поткуп за да заврши административна обврска, што посочува колку длабоко продира корупцијата во секојдневниот живот. [7] Единствено конзистентно и независно известување може да ги обелодени затскриените практики на корупцијата, но истото зависи од медиумска средина во која се штити уредничката независност, има пристап до информации и постои заштита од политички и економски притисоци.[8] Неопходноста на ваквата потреба трагично се увиде во март 2025 година, кога пожар предизвикан од пиротехнички средства ја зафати дискотеката „Пулс“ во Кочани, при што загинаа 63 лица, а повредени беа многу повеќе.[9]

---

[1] Репортери без граници: Северна Македонија. https://rsf.org/en/country/north-macedonia.

[2] Ибид.

[3] Ристовска, Ј., Цветановска, Т и Трповска, С. (2025). *Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија 2025.* Македонски центар за меѓународна соработка. Преземено од: https://tinyurl.com/bp8drpch на 23.12.2025.

[4] Спировски, М. и Тодоровска-Костовска В. (2025). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2024.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/dshpptuu 15.12.2025.

[5] Bondarenko, O. S., Utkina, M. S. & Kolesnikova, M. V. (2021). “The Role of Mass Media in Preventing Corruption”. The Law, State and Telecommunications Review, 13(1), pp. 70-93. Преземено од: https://tinyurl.com/msuhzajj на 15.12.2025.

[6] Transparency International Corruption Perceptions Index: North Macedonia. Преземено од: https://tinyurl.com/5n8csrsx на 15.12.2025.

[7] Ристовска, Ј., Цветановска, Т и Трповска, С. (2025). *Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија 2025.* Македонски центар за меѓународна соработка. Преземено од: https://tinyurl.com/bp8drpch на 23.12.2025.

[8] Rana, M. P. (2013). “Organized Crime and Corruption: A Theoretical And Empirical Analysis”, University of Calgary. Преземено од: https://tinyurl.com/mr8bktsp на 15.12.2025.

[9] Smith, H. (март, 2025). “Nightclub fire in North Macedonia kills 59 and leaves more than 100 injured”, [онлајн] The Guardian. Преземено од: https://tinyurl.com/yc5h32v7 на 15.12.2025.

Последователните истраги разоткрија серија пропусти и незаконски дејствија од страна на службени лица, како на пример неусогласеност со безбедносните мерки, непостоење на важечка лиценца и корупција при работата на клубот.[10] Трагедијата поттикна организирање на протестни маршови во знак на загинатите и против корупцијата на национално ниво со цел да се бара одговорност.[11] Во следните неколку месеци (локалните) новинари одиграа клучна улога во **известувањето и разоткривањето на различните слоеви на локален клиентелизам, регулаторни пропусти и институционална негрижа** што во други околности би останале невидливи.[12]

Корупцијата и организираниот криминал се суштински испреплетени, предводени од мрежи кои ги максимираат личните или политичките придобивки, а ја минимизираат отчетноста.[13] **Истражувачкото и аналитичко новинарство има клучна улога во обелоденувањето на ваквите мрежи.** Притоа не се работи само за секојдневно известување туку за разоткривање на сокриени практики и комплексни заговори и информирање на јавноста со цел да се поттикне соодветна реакција кај институциите.[14]

Истовремено, новинарството функционира во околности каде информациите сѐ почесто пливаат во море од дезинформации. **Презаситеноста од анти-демократски наративи,** вклучително и кампањи за ширење на лажни информации против Западните земји и ЕУ, дополнително ја нарушува јавната доверба и ја отежнува работата на веродостојните медиуми.[15] Независното и критичкото новинарство се неопходни во околности каде невистините се шират побрзо од проверените информации, каде медиумската писменост е на ниско ниво, а координираните кампањи за ширење дезинформации ја изобличуваат границата помеѓу пропаганда и вистински вести.[16] [17] Посебно засегнати се **помладите генерации,** бидејќи вестите претежно ги консумираат преку социјалните медиуми (инфлуенсери) и дигиталните платформи, каде сензационализмот, примената на алгоритми и платената содржина често го потиснуваат известувањето засновано на засновано на факти, односно самите реклами се продаваат како „факти“. [18] Притисоците се уште поголеми отаде главниот град. **Локалното новинарство**

---

[10] Trajkovska, M. (2025) “The Kočani Fire and the Systemic Collapse of North Macedonia “, Media Diversity Institute. Преземено од: https://tinyurl.com/39muh4ky на 15.12.2025.

[11] Dimoski, A. (2025). “Protesters demand systemic change, justice after Kočani tragedy”, [онлајн] MIA News. Преземено од: https://tinyurl.com/yeujfrja на 15.12.2025.

[12] Истражувачка репортерска лабораторија. (2025). „КОЧАНИ - Нашиот морален компас“ [видео] YouTube. Преземено од: https://www.youtube.com/watch?v=DwbWj1qqzeo на 15.12.2025; Преку необјавени истражувачки документи, видео сторијата изработена од страна на независната медиумска организација ги разоткри инспекторите, јавните обвинители и политичарите кои ја злоупотребиле моќта. Два месеци по излегувањето на сторијата, двајцата даночни инспектори разоткриени во документарецот беа приведени и за нив беше отворена истрага за поткуп и злоупотреба на службена должност.

[13] Ballegooij, W., Zandstra, T. (2016). “Organised Crime and Corruption: Cost of Non-Europe Report”, *European Parliamentary Research Service.* Преземено од: https://tinyurl.com/3x9re6xu на 15.12.2025.

[14] Schauseil, W., Zúñiga, N. & Jackson, D. (2019). “Media and anti-corruption”, Transparency International. Преземено од: http://www.jstor.com/stable/resrep20465 на 15.12.2025.

[15] Metamorphosis (2024). *Disinformation Trends and Narratives in the Western Balkan Region: Media Monitoring Report* (October – December 2024). Преземено од:: https://tinyurl.com/y3csauan on December 15, 2025.

[16] Тунева, М. (2024). *Меѓу предизвиците и решенијата: Водич за интегритет на медиумите во Северна Македонија. УНДП.* Преземено од: https://tinyurl.com/dr9s5bun на 15.12.2025.

[17] Серафимовска, Е. & Трајкоска, Ј. (2023). *Ранливост на дезинформации кај различни групи граѓани во Северна Македонија. Институт за комуникациски студии.* Преземено од: https://tinyurl.com/ms9ux2ud на 15.12.2025.

[18] Поповска, В. (2021). Влијанието на социјалните и на мас-медиумите во креирањето на јавното мислење и последиците од него изразени преку градење стереотипи, дискриминација, булинг и говор на омраза кај средношколците, Институт за човекови права. Преземено од: https://tinyurl.com/4yupe5sw на 15.12.2025.

**функционира во екосистем каде близината до политичките, деловните и институционалните актери е поголема, а ресурсите се значително поограничени.** Бројни локални редакции немаат финансиска стабилност, уредничка автономија и кадар, што оневозможува одржливо работење, а уште повеќе кога станува збор за известување против корупцијата, организираниот криминал или злоупотребата на моќ.[19] Финансиските потешкотии коинцидираат со постепената ерозија на локалното новинарство, при што голем дел од земјата е лишена од редовни, веродостојни вести за сопствената заедница. Иако дописничката мрежа во минатото беше столб на националното известување, денес е сведена на симболичното присуство на неколкумина редовно вработени и неколку хонорарни дописници.[20] **Локалните стории ретко се јавуваат во националната јавна сфера,** што резултира со политичка нетранспарентност, корупција која не е предмет на надзор и речиси целосна невидливост на секојдневните проблеми со кои се соочуваат граѓаните надвор од главниот град. Истовремено, во средини каде физичката близина создава познанства и зависност а, новинарите трпат неформален притисок, напади врз нивната репутација и непосредна опасност при известување за корупција или злоупотреба на јавните ресурси.

Сепак интензитетот на притисокот варира: голем удел има и несигурноста на работното место, географската позиција и родот, што понатаму доведува до диференцирани ризици и ранливост, особено за новинарките во локални медиуми.[21] Новинарките често се присилени да се справуваат не само со професионална одмазда, туку и со родово-засновано вознемирување и дискриминација, појава која е широко распространета во меѓународните и националните проценки за слободата на медиумите.[22] [23]

И покрај суштинската демократска улога, локалните новинари кои не работат во главниот град се забележително отсутни од истражувањата, политичките дебати и програмите за медиумски развој. Со оглед на тоа дека разликите во пристапот до знаење се клучни за да се разбере медиумската слобода и распределбата на моќ во Северна Македонија, истражувањето цели да ги испита искуствата, ранливите точки и родовата динамика како клучни фактори за локалното новинарство во денешно време.

---

[19] Спировски, М. & Тодоровска-Костовска В. (2025). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2024.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/dshpptuu на 15.12.2025.

[20] Кока, Ф. (2021). *Состојба со дописниците на МРТ.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/5n6zkbxk на 15.12.2025.

[21] Јаневска, У. (2024) „Новинарките од локалните медиуми под канонада дискредитации". [онлајн] PINA.mk. Преземено од: https://tinyurl.com/5n7amwtu на 15.12.2025.

[22] Posetti, J. et al. (2022). *The Chilling: A Global Study of Online Violence Against Women Journalists. International Center for Journalists.* Преземено од: https://tinyurl.com/47vbvtma на 15.12.2025.

[23] Спировски, М. & Тодоровска-Костовска, В. (2025). *Предизвици и напредок: Безбедноста на новинарките во Северна Македонија 2024.* Safejournalists.net. Преземено од: https://tinyurl.com/2t38zp5t на 15.12.2025.

# Поставување на истражувањето и клучни цели: локалното во фокус

Одлуката аналитичкиот фокус на истражувањето да се пренасочи на локално ниво, со интеграција на родово-одговорна и партиципативна перспектива, резултираше со нови, контекстуално-специфични сознанија за постоечките студии за медиумската слобода и безбедноста на новинарите во Северна Македонија. Додека претходните анализи се  насочени кон националните медиуми, формалните законски рамки или изолирани случаи на вознемирување, ова истражување го проучува структурниот прекаритет, политичкиот притисок и родовата динамика и начинот на кој се испресекуваат во секојдневниот работен живот на локалните новинари.

Бидејќи **во преден план се секојдневните борби при работата на новинарите надвор од главниот град,** истражувањето открива како економската зависност, неформалните односи на моќ и слабата институционална заштита влијаат на уредничкото одлучување но и на личниот ризик. Се покажа дека **работните услови, безбедносните прашања, родот и дезинформациите** не треба да се третираат како засебни прашања, туку како **фактори што меѓусебно се зајакнуваат** и го поткопуваат локалното новинарство, одржливоста и врската со помладата публика како и со идните медиумски работници. Одовде, истражувањето пополнува клучна празнина во базата на докази и нуди засновани сознанија за специфични и контекстуално-сензитивни интервенции со цел зајакнување на медиумската слобода, родовата еднаквост и демократската отчетност на локално ниво.

Истражувањето има за цел:

- Да се дознаат искуствата, потребите и приоритетите на целната група (локални новинари, особено жени).
- Да се одредат формите на професионални ризици и притисоци, како и (родово-засновано) вознемирување, закани и дискриминација против новинарите, особено при известување за корупција, владеењето, криминалот и човековите права.
- Да се идентификуваат предизвиците и ограничувањата на редакциските капацитети (технички, финансиски и раководни) и начинот на кој влијаат врз квалитетот, независноста и одржливоста на локалното новинарство.
- Да се истражи како локалните новинари реагираат на вознемирување, притисок и институционални недоследности, вклучително и степен на потпирање на колегијални мрежи, неформална солидарност и механизми за справување.
- Да се анализираат политиките и регулаторната рамка што ги засегаат локалните медиуми и да се идентификуваат празнините и можностите за подобрување на работните услови, безбедноста, уредничката независност и родовата еднаквост во локалното новинарство.
- Да се утврдат перспективите и приоритетите на клучните чинители во медиумскиот екосистем, сопствениците на медиумите, синдикатите и граѓанското општество, и институционалните актери, во однос на поддршката за (локалното) новинарство и родовата еднаквост во ова поле.

- Да се испита начинот на кој новинарите ги перципираат правната рамка, институционалните механизми и професионалните синдикати, како што се Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), степенот на пристапност и незаменливата улога во заштитата на правата и безбедноста на новинарите.

На кратко, со анализата не се истражува само формалната усогласеност туку на кој начин регулаторните празнини, нееднаквата имплементација и реалноста на локално ниво создаваат структурни пропусти и недоволно искористени можности за подобрување на безбедноста и зајакнување на заштитата, уредувачката независност и трудовите реформи насочени кон родот.

## Изјава за методолошка и етичка усогласеност

Истражувањето е извршено во потполна согласност со утврдените стандарди за исполнување на етичкиот, методолошки и истражувачки интегритет, особено со оглед на чувствителната политичка и ризичната средина во која работат новинарите во Северна Македонија.

При дизајнот на истражувањето се користеа квалитативни примарни податоци (длабински интервјуа, консултации и партиципативно учество), со систематски преглед на секундарни извори, меѓу кои национални и меѓународни правни рамки, документи, мониторинг извештаи и минати емпириски студии. Собирањето на примарните податоци се одвиваше во согласност со феминистичките и партиципативните истражувачки принципи, со приоритет на информираната согласност, доверливоста, намалување на ризикот и безбедност на учесниците, особено новинарите кои работат во мали заедници каде анонимноста сама по себе тешко се одржува.

Учеството на сите интервјуирани лица беше на доброволна основа, со целосна информираност за целта на истражувањето, употребата на наодите и правото да се повлечат од процесот кога сакаат или пак да споделат ограничени податоци. Цитираните изјави на испитаниците се анонимни со цел да се спречи директна или индиректна идентификација, освен кога самото лице дало согласност за наведување на името. При одлучување кои податоци да бидат вклучени во истражувањето се водевме од принцип на претпазливост, каде се стави приоритет на безбедноста на учесниците наспроти целосно известување.

Аналитичките тврдења се засновани или на автентичен емпириски материјал собран при истражувањето или на прецизно идентификувани секундарни извори, вклучително и признаени меѓународни тела за мониторинг, национални институции и професионални организации. Во случаи на контекстуална и историска анализа, истата се заснова на документирани јавни записи и меѓународно потврдени проценки, со експлицитни референци со цел да се обезбеди транспарентност за потеклото на податоците.

Во текот на целиот процес, истражувачкиот тим постојано рефлектираше и критички ја проценуваше својата позиционираност, односите на моќ и

потенцијалното влијание на истражувањето врз самите учесници и медиумскиот екосистем. Ваквиот пристап има за цел да ги избегне екстрактивните практики, но и да се даде придонес кон застапување поткрепено со докази, политички дијалог и кон постоечките напори за развој на медиумите.

Истражувањето не содржи плагијати. Изворите се соодветно наведени, додека оригиналната анализа е јасно издвоена од цитираните дела. Идентификуваните ограничувања  се транспарентно претставени во извештајот, паралелно со препораки за идни истражувања.

# ИСТРАЖУВАЧКИ ПРИСТАП



# а. Методолошки принципи

Истражувањето е извршено во политички чувствителна и ризична медиумска атмосфера, каде новинарите, особено на локално ниво, се соочуваат со зголемена опасност од вознемирување, несигурност на работното место и институционален притисок, како што веќе беше посочено. Во тој контекст, применетиот **партиципативен и феминистички методолошки принцип** не беше прашање на избор туку неопходна одлука. Следствено, при истражувањето се стави акцент на заедничко создавање, споделена сопственост и грижа, а **рефлексивноста и колективната отчетност** имаа централна улога при справувањето со ризикот, неурамнотеженоста на моќта и довербата во текот на целиот истражувачки процес.

Партиципативното истражување има за цел да преиспита кој всушност го продуцира знаењето и зошто, додека со *феминистичката* партиципативна пракса, лицата најзасегнати од нееднаквоста добиваат можност за учество во истражувачкиот процес.[24] Одовде, новинарите не се третираат единствено како предмет на истражување, туку, **заедно со медиумските експерти, ги ангажиравме при оформувањето на истражувачките алатки, прегледот на прирачниците за интервјуирање и контекстуализацијата на наодите.** Со тоа се постигна одредено ниво на партиципативно иследување, втемелувајќи го истражувањето во живеаната професионална реалност, земајќи ги предвид ризиците и ограничувањата со кои се соочуваат учесниците, особено во малите заедници каде анонимноста е ограничена, а последиците непосредни.

Во текот на истражувањето, на **рефлексивноста** не ѝ приоѓавме како на дискретен методолошки чекор туку ја вклучивме како постојана етичка и политичка пракса со која се потврдува позиционираноста на самите истражувачки и се преиспитува на кој начин самото истражување може да репродуцира привилегија или опресија. Овде се надоврзуваме на идејата на Скот-Вилиерс за **„рефлексија во акција“**: учење преку работа и одговорност пред лицата изложени на поголем ризик од оној на истражувачката.[25] Земајќи го тоа предвид, а во согласност со феминистичките епистемологии каде се нагласува ситуираното знаење и свесноста за моќта,[26][27] особено внимание беше посветено на начинот на кој прашањата, форматот и излезните податоци може ненамерно да ги репродуцираат екстрактивните динамики или да ги изложат учесниците на опасност. За да се стекнеме со доверба, беше неопходно да се работи со побавно темпо, а истражувачките методи да се адаптираат во текот на иследувањето, заеднички да се создадат алатки со новинарите и секако да се прифати фактот дека одредени приказни ќе останат незавршени. На пример, уште на почетокот решивме да **ставиме приоритет на доверливоста наспроти комплетноста, и на безбедноста наспроти „богатството“ од податоци, а учесниците самите одлучија колку ќе споделат.** Рефлексивноста налага препознавање на границите на испитувањето

---

[24] Cornwall, A. (2008). “Unpacking ‘Participation’: Models, Meanings and Practices.” Community Development Journal, 43(3), стр. 269–283.

[25] Scott-Villiers, P. (2021). “Reflexivity and Reflection in Action Research.” In D. Burns, J. Howard & S. Ospina (eds.). *The SAGE Handbook of Participatory Research and Inquiry.* London: SAGE, стр. 323–338.

[26] Haraway, D. (1988). “Situated Knowledges: The Science Question in Feminism and the Privilege of Partial Perspective.” Feminist Studies, 14(3), стр. 575–599.

[27] Harding, S. (1991). *Whose Science? Whose Knowledge? Thinking from Women’s Lives.* Ithaca, NY: Cornell University Press.

и дека потрагата по „сеопфатни наоди“ може да репродуцира екстрактивна динамика.[28]

Дополнително, свесни сме дека самото учество се одвива во рамките на нееднакви системи на моќ. Додека партиципативните пристапи имаат за цел да ја демократизираат продукцијата на знаење, не значи и дека автоматски ги неутрализираат структурните нееднаквости поврзани со родот, професионалниот статус или географската локација.[29] Тоа е особено релевантно во локалниот медиумски контекст, каде сé помалите редакции,  вработувањето со договор на дело и отсуството на институционална поддршка ја ограничуваат способноста на новинарите отворено да говорат за дискриминацијата, вознемирувањето или уредувачкиот притисок. **Одовде, рефлексивната практика налагаше третирање на молкот, двоумењето и противречностите како значајни податоци наместо празнини што треба да се пополнат.**

Наодите добиени од анализата на секундарните податоци, експертските интервјуа и почетната теренска работа ги обликуваа последователните истражувачки фрази, со што фокусот на истражувањето се насочи кон опасноста и замолчувањето на локалното новинарство и присутната родова динамика. Следствено, при истражувачкиот процес беа земени предвид ризиците во подем, променливата политичка динамика и потребите на учесниците, притоа задржувајќи ја аналитичката ригорозност. Конечно, примената на рефлексивноста како етичка и политичка посветеност при нашата работа помогна не само да ги документираме ограничувањата врз медиумската слобода и родовата еднаквост, туку и да не ги репродуцираме истите.

# б. Собирање на секундарни податоци

Секундарните податоци беа собирани и анализирани со цел да се добие контекстуално разбирање и да се утврди дизајнот на примарните истражувачки алатки. Во оваа фаза нудиме **детален осврт на постоечката литература, извештаи, документи за јавни политики и истражувања поврзани со медиумската слобода, работните услови, безбедноста на новинарите и родово-заснованото насилство во медиумите,** како и медиумската писменост, дезинформациите и јавната доверба во медиумите. Исто така ги разгледавме националните и меѓународните закони насочени кон новинарите и медиумските работници. Целта беше да се систематизира постоечкото знаење, да се идентификуваат доминантните наративи и мапираат празнините суштински посочени со истражувањето наместо да се повторуваат веќе извршените студии.

Со прегледот се потврди големиот број на постоечки истражувања за медиумската слобода, работните услови на новинарите и онлајн вознемирување во Северна Македонија. Иако заедно нудат значајна контекстуална анализа, сепак **изостанува темелна интеграција на родовата перспектива на работните**

---

[28] Ибид.
[29] Burns, D., Howard, J. & Ospina, S. (2021). “Challenges in the Practice of Participatory Research and Inquiry.” In D. Burns, J. Howard & S. Ospina (eds.). *The SAGE Handbook of Participatory Research and Inquiry.* London: SAGE, стр. 17–33.[2]

**ризици, редакциските односи на моќ или пошироките форми на професионално замолчување.** Истовремено, во бројни студии насочени кон работните услови или медиумската безбедност, податоците не се поделени според род ниту пак нудат преглед за начинот на кој родот ја дефинира изложеноста на ризик, пристапот до заштитни механизми и стратегиите за справување.

Дополнителна значителна празнина, утврдена во прегледот, е локализацијата. Постоечките истражувања убедливо се насочени кон националните медиуми или новинарите што работат во главниот град, при што **увидот во реалната слика на локалното новинарство е минимален.** Следствено, распространетоста, формите и двигателите на вознемирување, притисоци или замолчување надвор од големите медиумски куќи не се доволно истражени, како ни начинот на кој социо-економскиот прекаритет влијае на ранливоста на новинарите. Со тоа се поставува неодговореното прашање дали родово-заснованото насилство се манифестира поинаку на локално ниво, и на кој начин ограничените ресурси, институционалната дистанца и неформалните структури на моќ влијаат на безбедноста и автономијата на новинарите.

# в. Собирање на примарни податоци

Со цел да се обиде да одговори на посочените празнини, **анализата на секундарните податоци беше проследена со длабинска квалитативна истрага, вклучително и интервјуирање на клучни експерти и мапирање на чинителите.** На овој начин се прецизираа истражувачките прашања и се создаде основа за примарното истражување да опфати нијанси невидливи во постојните бази на податоци. Заедно, овие методи ни овозможија да го придвижиме истражувањето отаде дескриптивни извештаи кон потемелно разбирање на начинот на кој родот, работните услови и медиумската слобода се испреплетуваат со локалниот контекст.

## Длабински интервјуа

Беа извршени вкупно **20 длабински интервјуа: 16 со локални новинар(к)и и/или уредници и уреднички и 4 со главни и одговорни уредници и уреднички кои работат во Скопје.** Со цел да се обезбеди инклузивен етнички состав на примерокот, двајца новинари и една уредничка се со албанска етничка припадност.

**Во извршените интервјуа со локалните новинари / уредници учествуваа 11 жени и 5 мажи.** Родовиот сооднос има за цел да овозможи доволна основа за споредба на искуствата и перцепциите на мажите и жените, но притоа примарниот фокус да остане на женската перспектива. Учесниците потекнуваат од сите 8 статистички региони во земјата, од вкупно 13 градови. Примерокот вклучуваше новинари во различен стадиум од кариерата, при што годините на искуство варираат. Сите работат или во независни локални медиуми или како дописници за национални или поголеми медиуми со седиште во Скопје.

Неопходно е да се истакне дека работните улоги на локално ниво не се јасно определени. Половина од локалните интервјуирани учесници, **8 од 16, истовремено извршуваат неколку редакциски улоги,** вклучително и уредник или главен и одговорен уредник, додека **6 се и сопственици или ко-сопственици на медиумот.** Ваквата концентрација на одговорност ја отсликува структуралната реалност на локалното новинарство, каде малите тимови и ограничените ресурси ги присилуваат новинарите известувањето да го комбинираат со уредување, раководење, често и извршување на технички задачи во рамките на една улога. Во тој контекст, истражувачкото известување на тема корупција и организиран криминал – често поврзано со локалната само-управа, правосудниот систем, животната средина, родово-заснованото насилство или партиското вработување – не претставува засебна новинарска област. Напротив, често се преклопува со дневните вести.

Второ, со цел да се контекстуализираат наодите од локалните медиуми и да се направи споредба со поголемите, централизирани редакции, **извршивме 4 длабински интервјуа со главните уредници на медиуми со седиште во Скопје,** меѓу кои три жени и еден маж.

Покрај индивидуалните интервјуа, организираната работилница/дискусијасо новинарки базирани во Скопје на која беше споделено колективното мислење за редакциската динамика, родовите поделби на трудот и искуствата со вознемирување на централно ниво, исто така ни даде можност да се стекнеме со увиди од контекстот на главниот град. Иако истите не беа организирани како формални фокус групи, дискусиите овозможија важен квалитативен увид како надополнување на податоците добиени од интервјуата.

Во процесот на истражување имавме и ограничена комуникација со **студент(к)и по новинарство и млади луѓе заинтересирани за медиумите** преку организирање на работилница за истражувачко новинарство и известување од јавен интерес. Со тоа се здобивме со увид во професионалната социјализација кај младите, опаднатата заинтересираност за областа и перцепциите за новинарството како прекарна и ризична професија. Иако не беа дел од суштинската аналитичка група, овие согледувања ги истакнаа генерациските предизвици релевантни за одржливоста на локалното новинарство во иднина.[30]

## Консултации со релевантните чинители

Дополнително, добивме согледувања за перцепциите на релевантните граѓански и институционални чинители во медиумската сфера преку **4 консултации со релевантни чинители:** (1) консултации со претставници од владиното регулаторно тело – **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ)**, (2) **Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ),** односно со претставник од само-регулаторното тело, **Советот на честа**, (3) **Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници** (ССНМ) и (4) неформалната **мрежа предводена од жени ЕДНАКВА,** која функционира во рамките на ССНМ.

---

[30] Подетално обработено во „Методолошки ограничувања" подолу.

Исто така, спроведовме **4 консултации со експерт(к)и** со сеопфатно истражувачко искуство во областа на медиумите, како и со претставници од **Платформата за истражувачко новинарство и анализи (ПИНА), Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за истражување на општествениот развој (РЕСИС)** и независна истражувачка поврзан со ССНМ.

# г. Ограничувања на студијата и насоки за идни истражувања

**Иако ова истражување применува феминистичка и партиципативна перспектива, истото не овозможува целосен приказ на интерсекциската комплексност на новинарските искуства во поглед на разноликиот спектар на нееднаквости.**

Родот, географијата (центар-внатрешност) и возраста во анализата претставуваат суштински фактори кои влијаат на прекаритетот и професионалната маргинализација во локалното новинарство. Сепак, како резултат на методолошките ограничувања и ризикот поврзан со видливоста на малите заедници, останатите критични димензии на интерсекционалноста, првенствено **етницитетот, социо-економскиот статус и попреченоста** не беа доволно истражени. Наведените димензии се од особено значење за Северна Македонија, каде етничката раслоеност, исклученоста заснована на класна припадност и препреките со кои се соочуваат лицата со попреченост сè уште го условуваат пристапот до вработување, институционална заштита и гласот во јавноста.[31]

Недостатокот на систематски податоци за наведените димензии не значи дека не се релевантни, туку посочува на с**труктурното замолчување и зголемената ранливост** на новинарите позиционирани на пресекот на повеќе маргинализации. Одовде, во идните истражувања се препорачува примена на специфични пристапи засновани на доверба преку кои ќе може безбедно да се испита како етничката припадност, класата и попреченоста се испресекуваат со родот, возраста и локалноста за да создадат бројни искуства на ризик, исклученост и отпор во рамките на медиумскиот сектор.

Истовремено, истражувачкиот процес вклучуваше и **ограничен контакт со студенти по новинарство и младите во локалните региони.** Додека со младите стапивме во контакт преку теренска работа на универзитетите и организирање на работилници во соработка со студентските сојузи, мнозинството од присутните млади лица не се занимаваат со медиумска работа и се базирани во централниот регион. Адресирањето на реалноста на младите локални или надежни новинари, клучни за иднината на локалното новинарство и медиумската слобода, налага посветено истражување и интервенции преку кои образованието по новинарство, независните медиуми и локалните редакциски екосистеми ќе се поврзат меѓусебно со практична истражувачка работа, менторство и безбедни влезни точки за младите.

Најпосле, иако **состојбата со медиумските работници и техничкиот персонал не**

[31] The Advisory Committee on the Framework Convention for the Protection of National Minorities (ACFC) (2022). “FIFTH OPINION ON NORTH MACEDONIA”, Council of Europe. Преземено од: https://tinyurl.com/mw8uf32s на 15.12.2025.

**беше систематски обработена** во истражувањето, разликата на локално ниво речиси и да не постои со оглед на тоа дека новинарите рутински изведуваат технички, продукциски и дистрибуциски задачи покрај известувањето, односно ефективно опфаќаат бројни улоги во рамките на една позиција. Ваквото преоптоварување со работни обврски дополнително ја влошува прекарноста, и треба да биде предмет на идни истражувања насочени кон сеопфатна анализа на медиумскиот екосистем како целина, вклучително и меѓусебната зависност што постои помеѓу новинарските, техничките и придружните улоги.

# ПРАВНА РАМКА



Новинарите во Северна Македонија се формално заштитени со комплексен склоп на меѓународни и национални правни инструменти со кои се уредува слободата на изразување, работничките права, медиумската регулатива и заштитата од дискриминација и насилство. Ваквите рамки воспоставуваат значајни нормативни гаранции за новинарската независност, безбедност и еднаквост, и претставуваат клучен дел од преземените обврски на земјата што произлегуваат од меѓународните закони за човекови права и пристапниот процес кон ЕУ. Сепак, постоењето на правна заштита не гарантира ефективна заштита во пракса. Како што посочува истражувањето, недоследностите во спроведувањето, извршувањето и институционалната координација, особено на локално ниво, значително го обликуваат начинот на кој новинарите ги доживуваат наведените рамки во секојдневната работа. Во тој контекст, подолу нудиме преглед на дел од клучната меѓународна и национална правна рамка релевантна за правата и безбедноста на новинарите, додека истовремено го истакнуваме постоечкиот јаз меѓу формалните правни обврски и реализацијата на истите во пракса.

# Меѓународна рамка

**Европскиот Акт за слобода на медиумите (ЕМФА)** стапи на сила во август 2025 година и претставува клучен напредок кон транспарентност и отчетност во дигиталниот простор, како и до правото на пристап до мноштво уреднички независни медиумски содржини.[32] Актот го штити уредничкото одлучување од надворешни влијанија, при што приоритетот се става на транспарентноста на сопственоста на медиумите.[33] Усогласувањето на националното законодавство со ЕМФА е од клучно значење за пристапувањето на земјата кон ЕУ, и служи како заштита за медиумскиот плурализам и безбедно известување за корупција и организиран криминал без препреки и закани за професионалната безбедност и позицијата на новинарите.

Дополнително, со **Препораката на Комисијата на ЕУ 2021/1534** се поставува сеопфатна правна основа за заштита, безбедност и осамостојување на новинарите и медиумските професионалци.[34] Во член 20, со оглед на големиот ризик од физички закани и напади врз истражувачките новинари и новинарите или медиумските професионалци кои работат на случаи на организиран криминал и корупција, Препораката повикува на посилни заштитни мерки за поголема безбедност.

Во Препораката се опфатени и прашања поврзани со дискриминација и насилство врз основа на род. Родово-сензитивните обврски се јасни со оглед на усогласувањето на истата со **Стратегијата за родова еднаквост на ЕУ (2020-2025)** и **Третиот акционен план за родова еднаквост на ЕУ**. Во член 3 од Препораката

---

[32] ECPMF (2025). “EMFA in Force: A New Era for Media Freedom in the EU.” [онлајн] European Centre for Press and Media Freedom. Преземено од: https://tinyurl.com/yhfne858 на 15.12.2025.

[33] Official Journal of the European Union (2024). “Establishing a common framework for media services in the internal market and amending Directive 2010/13/EU (European Media Freedom Act).” Преземено од: https://tinyurl.com/3hap3hpr on December 15, 2025.

[34] Official Journal of the European Union (2021). “Commission Recommendation (EU) 2021/1534 of 16 September 2021 on ensuring the protection, safety and empowerment of journalists and other media professionals in the European Union”. EUR LEX. Преземено од: https://tinyurl.com/bdef4p8p on December 15, 2025.

се препознава зголемениот број на родово-засновано насилство насочено кон новинарките, при што се повикуваат властите да обезбедат соодветна правна средина, со сериозно третирање на кривичните закани врз новинарите преку соодветна истрага, постапување и санкции. Во однос на одредбите за родова еднаквост на работното место во медиумите, во согласност со член 28, жените и понатаму не се доволно застапени во медиумскиот сектор на раководни и високи извршни позиции. Се препорачуваат мерки за обезбедување на еднакви работни можности и безбедна и инклузивна медиумска работна средина.[35]

**Третиот акционен план за родова еднаквост** самиот по себе претставува агенда за родова еднаквост и осамостојување на жените во рамките на надворешното делување на ЕУ. Во него новинарките се наведени како жени во јавниот живот често „изложени на родово-засновано насилство, вклучително и разни форми на дигитално насилство, па дури и фемицид, во услови на намалување на граѓанскиот простор“. [36] Во согласност со ова, се поттикнува дејствување на ЕУ насочено кон промоција на безбедна (онлајн) средина за новинарките, како и автономија на жените како производителки на информации и како претприемачки и носителки на одлуки во медиумскиот сектор.[37]

Понатаму, **Акциониот план за млади на ЕУ (2022–2027),** како прва стратешка рамка за ангажирање на младите во надворешното дејствување, им дава приоритет на иницијативите предводени од младите, насочени кон борба со корупцијата и зајакнување на демократското управување.[38] Иако медиумската слобода или новинарство не се експлицитно нагласени, акцентот на учеството на младите, граѓанскиот ангажман и отчетноста претставуваат јасни точки за создавање на идни програми за поврзување на младите со независните медиуми и истражувачкото новинарство. Усогласувањето на иницијативите за медиумска поддршка во наведената рамка може да придонесе за генерациска одржливост на новинарството преку вклучување на младите како активни учесници во демократските антикорупциски процеси.

**Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАУ),** ратификувана во Северна Македонија во 1994 година, го дефинира родово-заснованото насилство како „насилство насочено кон жена затоа што е жена или насилство коешто несразмерно ја погодува“.[39] Член 9 истакнува, „родово-заснованото насилство против жените“ како термин ги отсликува социјалните, економските и политичките средства преку кои се одржува подредената положба на жената. Насилните инциденти ги поставува во поширок социјален контекст, нагласувајќи ја потребата за сеопфатен одговор, наспроти истите да се поимаат како изолирани, засебни случаи. Во член 14 дополнително се препознава дека штетните пракси и кривични дела извршени врз новинарите и бранителите на човековите права, меѓу останатите, исто така претставуваат

---

[35] Official Journal Of The European Union (2021). “Commission Recommendation (EU) 2021/1534 of 16 September 2021 on ensuring the protection, safety and empowerment of journalists and other media professionals in the European Union”. EUR LEX. Преземено од: https://tinyurl.com/bdef4p8p on December 15, 2025.

[36] European Commission (2020). “EU Gender Action Plan (Gap) III – An Ambitious Agenda For Gender Equality And Women’s Empowerment In Eu External Action”. EUR LEX. Преземено од: https://tinyurl.com/bdz98724 on December 15, 2025.

[37] European Commission (2020). “EU Gender Action Plan (Gap) III – An Ambitious Agenda For Gender Equality And Women’s Empowerment In Eu External Action”. EUR LEX. Преземено од: https://tinyurl.com/bdz98724 on December 15, 2025.

[38] European Commission (n.d.). Youth Action Plan. [online] Преземено од: https://tinyurl.com/4yvw98xh on December 18, 2025.

[39] United Nations (2017). “Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women”. Преземено од: https://tinyurl.com/yzy3mvw4 on December 15, 2025.

форми на родово-засновано насилство врз жените под влијание на културни, идеолошки и политички фактори.

**Истанбулската конвенција**, донесена од Советот на Европа во 2011 година, ратификувана од страна на Северна Македонија во 2018 година, има за цел „заштита на жените од сите форми на насилство и спречување, елиминирање, и гонење на насилството врз жените и семејното насилство“.[40] Иако новинарките не се специфично наведени, сепак конвенцијата претставува конкретна меѓународна правна рамка за заштита на новинарките кои се соочуваат со родово-засновано насилство и вознемирување.

# Национална рамка

Работничките права во областа на медиумите во Северна Македонија се регулирани единствено преку **општите работни закони**, во кои новинарите и медиумските работници не се препознаваат како засебна професионална категорија со специфични заштитни одредби.[41] Сепак новинарството е доста специфична професија и често бара од новинарите работа за време на викенди, надвор од редовното работно време, во улога на независни соработници или со потпишување на договори на определено време. За лицата ангажирани преку нестандардни договори, сегашното законодавство не ја опфаќа целосната реалност на нивниот професионален живот. Одовде, неопходни се дополнувања со цел да се обезбеди стабилност во трудовите закони, како и да се одразат специфичните потреби и околности во кои работат новинарите и медиумските работници.

Во поглед на законите специфично насочени кон професионалните лица од медиумскиот сектор, во **Законот за медиуми** се гарантира независноста на медиумите и слободата на изразување, и се регулираат редакциските политики во рамките на редакциите. Од април 2025 година, со измените во Законот за медиуми се регулираат и онлајн медиумите, со што дигиталните платформи формално беа признаени во рамките на регулираниот медиумски сектор.[42] Во врска со заштитата на новинарите, во согласност со член 11.1,  меѓу наведените заштити на новинарот му се гарантира заштита од дискриминација на која било основа, отпуштање или намалување на договорениот надоместок заради изнесување на професионални ставови, доколку се во согласност со професионалните правила на новинарската професија.[43] Одредбата има за цел да го обезбеди почитувањето на слободата на изразување и новинарскиот интегритет без страв од одмазда.

Сепак законите не содржат специфични механизми за заштита на новинарите од вмешувањето на сопствениците или менаџерите, односно не постојат конкретни насоки преку кои ќе се обезбеди уредничка независност. Во Северна Македонија,

---

[40] Совет на Европа (2011). “Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence.“ Преземено од: https://rm.coe.int/168008482e на 15.12.2025.
[41] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005. Консолидиран текст на Закон за работни односи. Пристапено од: https://tinyurl.com/2jmubtza на 15.12.2025.
[42] „Службен весник на Република Македонија“ Закон за медиуми – Уреднички ревидиран текст. Пристапено од: https://tinyurl.com/55ry5haz на 15.12.2025.
[43] Ибид.

моќните политички влијанија можат да манипулираат со медиумскиот сектор преку поддршка на медиуми поврзани со одредена политичка партија, често преку намалена контрола над сторените прекршоци од нивна страна или преку неформален притисок врз уредничките одлуки извршен преку лични мрежи, закани или повлекување на финансии.[44] Во тековниот законски контекст, новинарите посветени на разоткривање на корупција и информирање на јавноста се наоѓаат во исклучително несигурна позиција.[45]

Следствено, во согласност со правото на ЕУ, со измените на **Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета** од 2021 година, се воведе намалено обесштетување за нематеријални штети доколку новинарите или уредниците се виновни, и дополнителни одредби со кои се уредува изземање од одговорност.[46] Сепак, клучно е да се напомене дека законот често се користи како основа за **Стратешки тужби против јавно учество (SLAPP).** Ваквите предмети – вообичаено на иницијатива на моќни корпоративни или политички актери – претставуваат значителна пречка за слободата во медиумите бидејќи имаат за цел да ги замолчат или одвратат новинарите од известување за случаи од јавен интерес.[47] Иако со неодамнешните законски промени стратешките тужби делумно се проретчија, сепак сè уште постои потреба од воведување на специфични механизми за законска заштита за новинарите против кои се покренати вакви правни постапки. Во Северна Македонија не постои ниту формална рамка против SLAPP, ниту пак институционален одговор за ваквите тужби, што укажува на значителен недостаток во заштитата на јавното учество.[48]

Што се однесува конкретно на правната заштита на новинарките, во член 3.3 од Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените се утврдува дека дискриминацијата врз основа на род се забранува во сите области, вклучително и во полето на јавни информации и медиуми.[49] Со тоа се гарантира еднаков третман и заштита на новинарките од дискриминација на сите основи или злоупотреба на работното место. Дополнително, во согласност со член 5, новинарките мора да имаат еднакви можности при аплицирање, стекнување и напредување на работното место без дискриминација на основа на род.

Со **Законот за спречување и заштита од дискриминација** се утврдуваат специфични случаи на дискриминација. Иако се забранува дискриминација на основа на родот, возраста, етничката припадност, социјално потекло и други лични карактеристики, во член 8 се прави разлика меѓу директна и индиректна дискриминација.[50] Директна дискриминација постои кога со едно лице се постапува понеповолно во однос на друго лице, додека под индиректна

---

[44] Metamorphosis, Foundation for Internet and Society. (2023). *Evaluating North Macedonia's Media Law Reforms—A Partial Step Toward European Standards.* Преземено од: https://tinyurl.com/eb2cxf5u на 15.12.2025

[45] Ибид.

[46] Спировски, М. & Настеска-Калановска, Б. (2022). *Северна Македонија: Показатели за степенот на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите 2021.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/3farhzxw на 15.12.2025.

[47] Metamorphosis, Foundation for Internet and Society (2023). *Evaluating North Macedonia's Media Law Reforms—A Partial Step Toward European Standards.* Преземено од: https://tinyurl.com/eb2cxf5u на 15.12.2025.

[48] Aleksov, Z., & Hadzi-Zafirov, Z. (2025). "Comparative Analysis of Dealing With SLAPPs In The Western Balkan Region And The EU Vis-A-Vis North Macedonia". *Initiative for European Perspective (IEP).* Преземено од: https://tinyurl.com/3ptnkhw5 на 15.12.2025.

[49] Закон за еднакви можнисти за жените и мажите. Службен весник на Република С. Македонија бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и бр. 53/21. Преземено од: https://tinyurl.com/yxt8rj9v на 15.12.2025.

[50] Закон за превенција и заштита од дискриминација. Службен весник на С. Македонија бр.08 – 3764/127. Преземено од: https://tinyurl.com/4b3ypmc6 на 15.12.2025.

дискриминација се мисли на навидум неутрални прописи или практики со кои се става лице или група во понеповолна положба. Со тоа постои правна основа за заштита на новинарките од навидум „заштитнички настроени“ а сепак дискриминаторски практики во рамките на медиумските редакции.[51] Со овој инструмент се нуди и законска заштита против (сексуално) вознемирување, којашто е од клучно значење со оглед дека нападите врз новинарките, во дигиталната и физичката сфера, често содржат коментари за физичкиот изглед или закани несомнено поврзани со нивниот род.

Како дополнителна поддршка постои и **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСПД),** независно тело одговорно за постапување по претставки поднесени од граѓаните и исполнување на надлежностите утврдени со закон. Според Извештајот на Комисијата за 2024 година, медиумскиот сектор се наведува како област со најголем број на пријавени случаи на дискриминација, но без притоа подетално да се истражат специфичните основи на дискриминација, како што се род, етничка припадност, националност или други.[52] Дополнително, нема доволно податоци за начинот на кој новинарките го примениле овој заштитен механизам.[53] Одовде, не е познат степенот на пријавување и примената на достапните механизми за заштита од страна на новинарките, со што се ограничува видливоста на дискриминацијата на основа на род во медиумскиот сектор.

Понатаму, со измените на **Кривичниот законик** во 2021 година се воведе значајна заштита против потенцијални закани и вознемирување врз новинарките. На пример, списокот на кривични дела е дополнет со „демнење“ (член 144а), кое вклучува експлицитни санкциии за вознемирување преку интернет.[54] Ваквата регулаторна реформа беше добредојдена во контекст на распространетите случаи на родово-засновано вознемирување врз новинарките во дигиталната сфера.[55] Дополнително, случаите на напади врз новинари или медиумски работници сега се третираат како напади врз јавни функционери, во надлежност на Јавното обвинителство, со зголемени казни за напаѓачите. Во 2022 година, Основното јавно обвинителство во Скопје назначи посебен Јавен обвинител за надзор и координација на случаите поврзани со безбедноста на новинарите. Во 2024 година, беа назначени 4 јавни обвинители во Јавното обвинителство во Скопје, Штип, Битола и Тетово, со што се прошири надлежноста и заштитата на новинарите во локалните области. [56]

Неодамна, со оглед на зголемениот број на онлајн закани кон новинари, Министерството за внатрешни работи назначи **локални контакт точки за**

---

[51] Ова е наод од длабинско експертско интервју којшто ќе биде дополнително образложен во секцијата што следи.

[52] Комисија за превенција и заштита од дискриминација (2024). *Годишен извештај.* КСЗД. Преземено од: https://tinyurl.com/fzswphxc на 15.12.2025.

[53] Спировски, М. & Тодоровска-Костовска, В. (2025). *Предизвици и напредок: Безбедноста на новинарките во Северна Македонија 2024.* Safejournalists.net. Преземено од: https://tinyurl.com/39r4avcs на 15.12.2025.

[54] Бејкова, Б. & Џигал, С. (2022). *Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници.* ЗНМ & ССНМ. Преземено од: https://tinyurl.com/2cp4k67c на 15.12.2025.

[55] Спировски, М. & Настеска-Калановска, Б. (2022). *Северна Македонија: Показатели за степенот на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите 2021.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/3farhzxw на 15.12.2025.

[56] Јавно Обвинителство на Република Северна Македонија. (2024). „Коцевски: Јавно ја осудувам секоја форма на притисок и закани кои се насочени кон замолчување на новинарите и влијание врз нивната работа“. Преземено од: https://tinyurl.com/yd3hhdzx на 15.12.2025.

**поддршка на медиумските професионалци во сите сектори на внатрешното работење,** додека Секторот за компјутерски криминал е одговорен за примање пријави за онлајн закани.[57] Беше изработен и **„Прирачник за безбедност на новинарите“** со практични совети за безбедно известување, специфични знаци за препознавање на (дигитални) закани и механизми за заштита и деескалација.[58] Преку експлицитното препознавање на родово-заснованото вознемирување и закани врз новинарките, конечно се крева институционалната свесност за специфичните предизвици со кои се соочуваат жените во медиумската област. Исто така, во тек се **подготовки за воспоставување на Национална комисија за заштита на новинарите,** а мулти-секторско тело одговорно за изготвување на Национален акционен план.[59] Последните институционални заложби за справување со нефизички закани  и вознемирување претставува напредок со оглед на фактот дека во минатото Министерството, во соработка со Здружението за новинари на Македонија водеше регистар единствено за физички напади врз новинари.

---

[57] Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. (2025). „Б Безбедноста на новинарите е предуслов за слободно општество, МВР со највисок приоритет ги третира сите закани кон новинарите“. Преземено од:  on December 15, 2025.https://tinyurl.com/26686k35 на 15.12.2025.

[58] Бресковски, И. & Ангеловски, Т. & Арсовска, Б. (2024). *Прирачник за безбедност на новинари*. ЗНМ. Преземено од: https://tinyurl.com/37tk295y на 15.12.2025.

[59] Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. (2025). „Б Безбедноста на новинарите е предуслов за слободно општество, МВР со највисок приоритет ги третира сите закани кон новинарите“. Преземено од: https://tinyurl.com/26686k35 на 15.12.2025.

# КОНТЕКСТУАЛНА АНАЛИЗА И НАОДИ



# Работнички права и социоекономски услови

## Прекарно вработување и нестабилни договори

Работните услови ја одредуваат благосостојбата на медиумските работници но и капацитетот за независно известување и отпор на притисоци. И покрај неодамнешното подобрување, новинарството во Северна Македонија и понатаму претставува **прекарна професија придружена со нередовно работно време, ниска плата и несигурност на работното место.**

Податоците добиени од заедничката анкета на ССНМ и ЗНМ во 2022 година спроведена со 335 медиумски професионалци покажа дека **само малку повеќе од половина (56,1%) се вработени на неопределено време,** со што се потенцира преовладувањето на нестабилната работа и краткорочните ангажмани.[60] Во детален извештај за медиумските работни услови од 2023 година **околу 70%** од 343 новинари и медиумски работници кои учествувале во истражувањето изјавиле дека работат со полно работно време и со договор на неопределено време.[61] Овој извесен напредок може да се поврзе со зајакнатата институционална рамка и застапувањето на синдикатите во изминатите години, иако одредени структурни слабости, како **зголемените работни обврски, неодредените граници меѓу работата и паузата и очекувањата дека лицето треба да биде постојано достапно** и понатаму се присутни во новинарската работа.

На пример, **над една четвртина (28%) од новинарите пријавиле дека работат повеќе од законски пропишаните 40 работни часа во неделата,** со што се истакнува исцрпувачкиот ритам на професијата како „работа на повик", особено за време на вечерните вести или вонредни состојби. Сепак со оглед на трудот што го налага работата, заработката и понатаму е алармантно ниска, при што **повеќе од половина од новинарите (55%) заработуваат под националната просечна месечна плата, а 38% од нив пријавиле дека работното време не се исплаќа соодветно.**[62] Тоа секако ја намалува привлечноста на професијата кај младите новинари (и го отежнува обидот за нивно задржување во медиумската сфера) бидејќи, како што изјавија испитаниците, меѓу кои и претставник на синдикатот на медиумите, ниските примања ги одвраќаат младите и тие многу брзо губат интерес за новинарството. Бројот на студенти запишани на студии по медиуми, новинарство и комуникации е забележително опаднат во последните години. Додека пред 10 години истиот изнесуваше и до 200 студенти, во академската 2023/2024 година се запишале само 30.[63]

---

[60] Бејкова, Б. & Џигал, С. (2022). *Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници.* ЗНМ & ССНМ. Преземено од: https://tinyurl.com/2cp4k67c на 15.12.2025.

[61] Трпевска, С. (2023). *Работни услови во медиумскиот сектор: професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници.* ССНМ & РЕСИС. Преземено од: https://tinyurl.com/29suyx3m на 15.12.2025.

[62] Ибид.

[63] Никодиновска, В. & Чаусидис, Т. (2025). *Сиромашен медиумски пазар, ниски етички стандарди, потреба од ефикасно законодавство.* Преземено од: https://tinyurl.com/3uf6kvdx на 15.12.2025.

Финансиската состојба е особено загрижувачка на локално ниво, каде бројни медиуми се затвораат, а бројот на дописници се намалува. **Според извештаите, најчесто примањата на локалните новинари се под месечниот просек поради што се принудени да работат за неколку медиуми.** Притоа, во 2023 г., 61% од 139 работни места во локалните и регионалните телевизиски станици биле хонорарни, а само 54 новинари биле редовно вработени во вкупно 32 станици.[64] Слично, повеќето од интервјуираните локални новинари посочија дека работат на хонорарна база, како дописници за национални медиуми / медиуми со седиште во Скопје или локални, со што немаат никаква стабилност во работата ниту пак социјална заштита.

**Договорите содржат двосмислени клаузи,** што ги лишува новинарите од правото законски да бараат исплата за извршена работа. Еден учесник појаснува:

> „Заканите за отпуштање или другите форми на притисок не можат да се оспорат преку адвокат или синдикат како резултат на дупки во законот. Имало случаи кога колеги ја напуштиле работата и не добиле плата заради **законските пропусти.“**

Ваквата реалност ја истакнува потребата за измени и на Законот за работни односи и на Законот за медиуми со цел новинарите и медиумските работници ангажирани со нестандардни договори, како и лицата што работат во онлајн медиуми, да бидат вклучени, во согласност со препораката на ССНМ. [66]

Иако платите на дописниците се движат под просекот, внатрешните политики ги спречуваат новинарите да известуваат и за други портали/медиуми. Меѓутоа, ниските примања, несигурните договори и ограничената законска заштита ја оневозможуваат заработката од само еден работодавач. Одредени локални новинари посочуваат дека хонорарната работа создава простор за истражувачки, и подобро финансирани, големи проекти, чијшто пристап им е ограничен при редовенн работен ангажман. **Следствено, хонорарната работа претставува можност но и одговор на структурните ранливи точки што го сочинуваат (локалното) новинарство денес.**

## Намалување на тимовите, недостиг на опрема и дигитална исклученост

Наодите покажуваат дека најчесто **локалните редакции се принудени да го намалат бројот на вработени или не се во состојба да вработуваат нови новинари,** како резултат на ограничените финансии но и на намалениот обем на лица кои се занимаваат со оваа професија, што од друга страна резултира со значително помали и преоптоварени уреднички тимови. Локална новинарка и главна и одговорна уредничка го кажа следново:

---

[64] Трпевска, С. (2023). *Работни услови во медиумскиот сектор: професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници*. ССНМ & РЕСИС. Преземено од: https://tinyurl.com/29suyx3m на 15.12.2025.
[65] Атанасова, М. (2022). *Заштита и можности за остварување на работничките права на новинарите и медиумските работници – компаративна анализа*. ССНМ & РЕСИС. Преземено од: https://tinyurl.com/mtbuaja3 на 15.12.2025.

> „Едвај ги покривам трошоците за тројца – двајца вработени (вклучително и јас) и еден хонорарец, кој за жал е помллада новинарка која треба да ја добие нашата поддршка за да ја задржиме во професијата, да ѝ помогнеме да учи, да напредува и обезбеди континуитет. Но тоа не можеме да го понудиме, што многу ме загрижува. Да не беа некои независни проекти и проектно финансирање, ќе требаше да затвориме.“

Бидејќи новинарството станува неисплатлива и потценета професија, локалните медиуми се соочуваат со недостаток од кадар и **преоптовареност со работни обврски, со што се компромитира квалитетот на известувањето:**

> „Често не сум во состојба да ги проверам и прочистам натписите што ги пишувам, ниту пак да ги лекторирам... **Сосема е поинаку кога се функционира во редакција од 4-5 лица со дефинирани улоги, наспроти еден или двајца кои ги извршуваат сите обврски со цел порталот да биде полн со вести.** На сметка на тоа опаѓа и читателската публика – нема што да кријам. Да имавме финансиски средства, ќе можевме да изградиме тим и да работиме како вистинска редакција. Но тоа може да се постигне единствено со поддршка од донатори.“

Проблем посочен од сите испитаници е **недостигот на соодветна опрема,** бидејќи повеќето користат сопствени камери и алатки за извршување на работата. Ја истакнуваат итната потреба од зголемена финансиска помош за да се покријат оперативните и личните трошоци. Покрај недоволниот број на вработени и опрема, локалните новинари неколку пати го нагласија **недоволниот пристап до дигитални алатки, дата бази и техничка обука / обука за употреба на вештачка интелигенција,** ресурси коишто се достапни во големите редакции финансирани од донатори или националните медиуми. Како што посочи една новинарка:

> „Најмногу ми треба поддршка со технологијата. Сакам да можам правилно да пребарувам податоци и да си ја работам работата најдобро што можам, но има толку многу алатки до кои немам пристап. Не можам да си дозволам платени бази на податоци или пристап до Централниот регистар или Управата за јавни приходи - тоа е нешто што само поголемите редакции со донатори успеваат да го добијат. За да добијам основни финансиски податоци за една компанија, морам да платам 400-500 денари. Можеби не звучи многу, но се собира. Исто така, треба да знам како да ги потврдам информациите, т.е. како да проверам дали сликата е генерирана од вештачка интелигенција, на пример. Лесно би можела да бидам измамена, а тоа е нешто за кое ми треба поддршка.“

Во поголемите редакции, техничките задачи вообичаено се обврска на техничкиот персонал или се добива институционална поддршка или обука за истите. Во локалните медиуми, сепак, **од новинарите се очекува сами да се справуваат со уредничкиот и техничкиот аспект, и да ги потврдат податоците,** што дополнително го оптоварува веќе ограничениот капацитет и го зголемува ризикот од грешки, премор и професионална ранливост. Дополнително, во локалните телевизиски станици се случува **патните трошоци да не се подмират,** со што новинарите се принудени самите да ги покриваат овие трошоци. Бројни известувачи работат од дома, а теренската работа не е секогаш покриена од работодавачот. Дописничка, исто така косопственик и главен уредник на локален медиум, самата го разнесува весникот и документи низ градот со такси, затоа што нема доволно вработени во

медиумот. 'Најчесто сè сами работиме', изјави една од нив.

Сè почесто, локалните иницијативи насочени кон поттикнување на интересот на младите за новинарството ја губат поддршката, како што беше случајот со укинувањето на фондовите добивани од УСАИД минатата година, при што најзасегнатите клучни области беа токму борбата против корупцијата, медиумската писменост и вклученоста на младите.[66] Претставник на ЗНМ го потврди ова: 'Невладините проекти поттикнаа извонредна работа преку активности на училишни секции за медиумите во внатрешноста, често водени само со два члена во секцијата.' Слабата поддршка од државата на вклучувањето на младите на локално ниво ги ограничува амбициите на младите но и идната одржливост  на новинарството.

## Феминизација на (локалното) новинарство и невидливи родови пречки

Интересно е тоа што при споредбата на платата на база на род не е забележана **значителна разлика меѓу новинарите и новинарките или медиумските работници**,[67] што значи дека ниската плата е структурен проблем во рамките на самата професија и не се заснова на род. Ова се одразува и во **зголемената феминизација на новинарството** во Северна Македонија, при што професија во која сè повеќе доминираат жените, кои сочинуваат 56% од новинарските позиции,[68] и понатаму има статус на ниско платена работа.

Повеќето од интервјуираните новинарки не сметаат дека тоа што се жени им го отежнува професионалниот напредок, можеби поради перцепцијата дека повеќе нема директна дискриминација. Постарите новинарки паметат дека пред 10 или 15 години постоеле појасни родови поделби во редакциите, кога жените добивале 'полесни' области за покривање, како на пример култура, додека мажите известувале за политичките случувања. Денес, кога сè повеќе жени се занимаваат со новинарство, не постојат толку ригидни хиерархии на локално ниво. Сепак, дискусијата во рамките на фокус групата / работилницата одржана со новинарки од главниот град откри дека родовите поделби сè уште се присутни на централно ниво. Една од испитаничките посочи:

> „Темите поврзани со маргинализираните групи или родово-засновано насилство се третираат како **'женски теми'** затоа што **жените се сметаат за поемпатични,** додека од мажите се очекува да известуваат за теми поврзани со финансии, економија или автомобилската индустрија. Кога ќе зачекориш во овие области ти се дава до знаење дека не си доволно квалификувана за да известуваш за нив."

[66] Дервиши, Ј. (2025). *Влијанието од прекинот на финансиската поддршката на УСАИД врз македонското граѓанско општество АНАЛИЗА НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПРЕКИНОТ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ОД УСАИД*. МЦМС. Преземено од: https://tinyurl.com/3yckvp73 на 15.12.2025.
[67] Трпевска, С. (2023). *Работни услови во медиумскиот сектор: професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници*. ССНМ & РЕСИС. Преземено од: https://tinyurl.com/29suyx3m на 15.12.2025.
[68] Ибид.

Во локалните медиумски средини, каде конкуренцијата не е голема, а новинарската заедница е помала, ваквите поделби се помалку институционализирани. **Сепак ситуацијата не отсликува поголема родова еднаквост, туку е резултат на неопходност**: ограничениот персонал и ресурси не оставаат простор за специјализација, со што новинарите, без разлика на родот, мора да покриваат поширок дијапазон на теми.

Сепак опстојуваат значителни **родови разлики во одлучувањето и позициите на вистинска моќ**. Додека жените само од неодамна постигнаа паритет во редакциските тимови, **врвните лидерски позиции, како сопственици на медиуми и директори, и понатаму им припаѓаат претежно на мажи.**[69] Ова укажува на структурна нерамнотежа каде жените се доминантни во работната сила, а сепак се исклучени од центрите на влијание и авторитет, со незначителна или непостоечка моќ во уредничките агенди, стратешките одлуки или општата насока во медиумскиот сектор.

Во услови на длабоко вкоренета култура на сексизам и дискриминација, работничките права на жените се и понатаму на маргините. Според неодамнешна анализа во која се обработуваат исклучиво работничките права на жените во медиумите, испитаничките-новинарки споделија дека често се потценувани и **се соочуваат со шовинистички коментари и ставови** – и во редакциите, но и при професионалната интеракција надвор од нив.[70] Една од нашите испитанички го срочи ова многу прецизно:

> „Доколку сте смела како жена, веднаш ве етикетираат со погрдни зборови. **Жените се критикувани** за однесувањето и за тоа како се претставуваат во јавноста повеќе отколку мажите.“

**Помладите новинарки исто така многу често се соочуваат со дискриминација врз основа на возраст и род.** Учесничка изјави дека лицата со кои сака да разговара одбиваат да бидат интервјуирани или, пак, се согласуваат само откако ќе интервенира повозрасен уредник. Според неа, тоа се должи на нејзината младост, истакнувајќи дека луѓето често ја прашуваат: ’Која беше ти? Кој ти е уредник?‘ Како единствен млад новинар во нејзиниот град, таа често се соочува со надмено однесување и од страна на колегите и на публиката. Тоа покажува како хиерархиите кај младите се испресекуваат со родот за да се поткопа професионалниот кредибилитет уште на почетокот на новинарската кариера.

Оттука, и покрај формалната еднаквост во примањата или застапеноста во уредничките тимови, жените во медиумите и понатаму се соочуваат со притисоци поврзани со родот и возраста, што дополнително ја ограничува нивната професионална автономија и ја зајакнува структурната нееднаквост во рамките на секторот. Наодите од квалитативната анализа на работничките права на новинарките предупредуваат дека **сè уште постојат дискриминаторски ангажмани и практики во вработувањето поврзани со мајчинството.** Речиси 28% од 54 интервјуираните новинарки посочиле дека биле прашувани несоодветни и лични прашања, како на пример дали имаат или планираат да имаат деца. Дел пријавиле дека договорот за вработување не бил продолжен откако останале

---

[69] АААВМУ. (2025). *Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*. Преземено од: https://tinyurl.com/yfr7f998 на 15.12.2025.
[70] Озимец, К. (2024). *Работничките права и безбедноста на жените во медиумите. ССНМ*. Преземено од: https://tinyurl.com/mr8rmmxx на 15.12.2025.

бремени, и се пожалиле на скратено породилно, нефлексибилно работно време и неможност да се работи од дома за мајки со мали деца.[71]

Во време кога политичарите на висока функција го поттикнуваат народот да има повеќе деца,[72] **мајчинството и понатаму се казнува на пазарот на труд,[73] а медиумските редакциите не се исклучок.** Новинарка што работи во главниот град сподели: "Кога ќе станеш мајка, стануваш пола човек во редакцијата. Ти велат дека сега кога си мајка имаш поважни работи на ум и [машките колеги] мислат дека тоа претставува **позитивна дискриминација.**" Иако дискриминаторските практики се најчести во поголемите, централизирани редакции во Скопје, тие се помалку видливи во локалните медиуми, каде хроничниот недостиг на вработени и новинари ја оформува динамиката на вработување сосема поинаку. Во текот на интервјуата ниту еден учесник не идентификуваше дискриминација поврзана со мајчинството како тековен проблем, во голема мера затоа што локалните медиуми првенствено се борат да привлечат и задржат персонал.

# Медиумска слобода и безбедност на локалните новинари

Способноста на медиумите ефикасно да се спротивставуваат на корупцијата во голема мера зависи од нивото на медиумска слобода. Под медиумска слобода се подразбира (1) помал број владини рестрикции наметнати врз медиумската дејност; (2) слобода од секакви форми на надворешна контрола, од страна на владата или поинаква; и (3) функционирање во средина што дозволува споделување на широк дијапазон на идеи и ставови со јавноста.[74] За да се разбере медиумската слобода во Северна Македонија, особено на локално ниво, покрај редакциската динамика неопходно е да се преиспита начинот на кој политичката моќ, економската зависност, регулаторните пропусти и институционалните слабости колективно ги одредуваат условите во кои работат новинарите. Прашањата поврзани со независноста, транспарентноста, јавната доверба и безбедноста на (локалните) новинари треба да се разгледуваат токму во рамките на ваков поширок контекст.

Неодамнешните проценки на Репортери без граници и Европската комисија покажуваат дека, и покрај тоа што од формален аспект постои отворена средина за новинарска слобода, независноста на медиумите во Северна Македонија и понатаму е структурно ограничена. Во 2025, **Репортери без граници ја смести земјата на 42 место од вкупно 180,** што укажува на мал пад од 36-тото место претходната година, истакнувајќи ги долгорочните слаби точки: дезинформации, ниски професионални стандарди, политизирани наративи и сѐ поголема

[71] Ибид.
[72] Траминовски, Б. (2025). „Повик за ‘многудетни семејства’ реално решение или националистичка пропаганда: ‘Потребен е широк општествен консензус за демографските политики’“. [онлајн] Lokalno MK. Преземено од: https://tinyurl.com/4kbkrj2x на 15.12.2025.
[73] Делевска, С. (2025). „Магистерка психолог во болницата во Струга, избркана од работа кога кажала дека е бремена, од силен стрес во 27-та гестациска недела го изгубила бебето“. [онлајн] sdk.mk. Преземено од: https://tinyurl.com/5x9xpbu8 на 15.12.2025.
[74] Weaver, D. H. (1977). "The Press and Government Restriction: A Cross-National Study over Time", *International Communication Gazette*, 23(3): 15270.

недоверба од страна на јавноста. Иако новинарите не работат во прекумерно непријателска средина, независните медиуми и понатаму се соочуваат со **политички притисок, заплашување, економска зависност и судири со владини претставници.** Истовремено, институционалната транспарентност останува ниска, а критичкото известување често е пресретнато со координирани политички напади.[75]

Во **Извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата до 2025 година** се повторуваат истите прашања. Се истакнува дека законите за медиумите сè уште не се потполно усогласени со европските стандарди, особено со Европскиот акт за медиумска слобода. **Транспарентноста во однос на сопственоста на медиумите, независноста на регулаторните тела и правилата што го уредуваат рекламирањето од буџетот на државата и понатаму не ги исполнуваат европските барања.** Комисијата посочува и на долготрајните закани за новинарската безбедност, како на пример **физичките напади, онлајн вознемирувањето, SLAPP тужбите и притисокот** врз истражувачките новинари, особено новинарките, кои несразмерно се соочуваат со дигитално насилство. И покрај малиот напредок, во извештајот се истакнува дека институциите мора да реагираат поефективно во такви случаи за да се зајакне медиумската слобода и јавната доверба.[76]

## Дистрибуција на моќ и (непостоење на) транспарентност и независност

**Важно е да се спомене дека медиумската слобода во Северна Македонија е подобрена во одредена мера во споредба со отвореното насилство со кое се соочуваа новинарите пред и за време на периодот на засилената државна превласт меѓу 2011 и 2016 година,** кога Репортери без граници ја рангираа земјата над 100-то место.[77] На пример, во Извештаите на ЕУ од 2013 и 2014, се забележува загриженост за трошењето на  буџетските фондови за рекламирање само кај провладини медиуми, при што мониторингот на медиумите на ОБСЕ/ОДИХР откри дека мнозинството на надгледувани медиуми, вклучително и државната телевизија, се пристрасни кон владејачката партија.[78] [79]

Генерално, во текот на овој период, медиумскиот пејзаж беше одбележан со **системска превласт на државата:** строга политичка контрола отсликана во секојдневно мешање во уредничката политика, клиентелистички мрежи меѓу владата и сопствениците на медиумите, агресивно државно рекламирање користено како награда и казна и распространето заплашување, посочено од експертите,[80] а врежано и во сеќавањата на постарите новинари. Новинарка

---

[75] Репортери без граници: Северна Македонија. https://rsf.org/en/country/north-macedonia.

[76] European Commission. (2025). *North Macedonia 2025 Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.* Преземено од: https://tinyurl.com/benear9t на 15.12.2025.

[77] Trpevska, S. & Micevski, I. (2021). “Media Sector Hotspots in North Macedonia: Decisive Reforms Long Overdue”, in Esch, V. & Palm, V. (eds.). Media Freedom in the Western Balkans. Aspen Institute: Germany. стр.29-35. Преземено од: https://tinyurl.com/2bt744ms на 15.12.2025.

[78] European Commission. (2014). *The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2014 Progress Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.* Преземено од: https://tinyurl.com/3kzmtapm на 18.12.2025.

[79] European Commission. (2013). *The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2013 Progress Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union.* Преземено од: https://tinyurl.com/3jkv4ftd на 18.12.2025.

[80] Trpevska, S. & Micevski, I. (2021). “Media Sector Hotspots in North Macedonia: Decisive Reforms Long Overdue”, in Esch, V. & Palm, V. (eds.). *Media Freedom in the Western Balkans.* Aspen Institute: Germany. стр.29-35. Преземено од: https://tinyurl.com/2bt744ms на 18.12.2025.

раскажа дека дала отказ од националниот медиум затоа што нејзините извештаи и изјавите на изворите биле рутински менувани без нејзино знаење.

Наведената динамика беше често документирана и од страна на меѓународните мониторинг тела[81] кои неколку пати ги посочија политичката контрола врз медиумската сопственост, рекламирањето и уредничката зависност како системски опасности за демократското владеење. На пример, во 2017 година, Репортери без граници документираа постојани **физички напади на репортери,** вклучително и напади од страна на безбедносните сили и про-владините поддржувачи, во рамки на севкупно влошената и опасна новинарска средина.[82] Најочигледен показател за притисок врз медиумите беше **вртоглавото зголемување и последователната флуктуација на тужбите за клевета против новинари,** како што беше забележано од страна на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).[83] Само во 2012 година, по декриминализацијата на клеветата и навредата, биле поднесени приближно 330 граѓански тужби против новинари и медиуми.[84]До 2017 година, бројот падна на 39 случаи, и бележеше понатамошен пад на 33 во 2020 година, и на 20 случаи во 2021 година, пред повторно да е крене на 54 случаи во 2022 и повторно да падне на само 15 случаи во 2024 година. Севкупниот тренд на опаѓање се должи на измените и дополнувањата во Законот за граѓанска одговорност за клевети и навреди, што стапи на сила во 2024 година, а со кој беа воведени пониски износи за обесштетување и дополнителни гаранции за новинарската работа. Сепак, и покрај намалувањето на вкупниот број на случаи на навреда и клевета, се почесто се прибегнува кон стратешки тужби против јавно учество **(SLAPP)** во изминатите години како алатка за заплашување и замолчување на новинарите кои известуваат за теми од јавен интерес.

Постарите новинари го паметат периодот како време кога „целиот систем работеше против медиумите" и изречно потврдуваат дека климата се сменила и тие „повеќе не се под стегите на системот", како што изјави главната уредничка на еден голем национален медиум:

> „Морам да кажам дека **во изминатите 6-7 години, климата драстично се промени,** а притисокот се намали. Едно е кога засегнато лице се обидува да изврши влијание врз медиумите за приказната да добие поинаков тек или да не биде објавена, а друго е кога целиот систем работи против тебе, **буквално те става под чизма.** Во изминатите години **медиумите повторно си го вратија местото и улогата во општеството;** судиите и јавните обвинители не се повеќе свртени против нив, ниту пак владата води војна против нив. Така што на некој начин чекориме напред, иако ситуацијата е далеку од совршена."

[81] Светски индекс за слобода на медиумите на „Репортери без граници" (2011–2017), Извештаи на Европската комисија за земјата (2014–2016), извештаи на ОБСЕ/ОДИХР од изборни набљудувачки мисии што го опфаќаат наведениот период.
[82] RSF (2017). "Journalists repeatedly attacked in Macedonian political crisis". [онлајн] Преземено од: https://tinyurl.com/4und5zvs на 15.12.2025.
[83] Види кај Спировски, М. & Тодоровска-Костовска, В. (2023). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на медиумска слобода и безбедноста на новинарите 2022.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/3farhzxw и Спировски, М. & Тодоровска-Костовска В. (2025). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2024.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/dshpptuu.
[84] Ибид.

Додека во изминатите неколку години се случија значителни подобрувања, особено во поглед на намалувањето на систематскиот притисок од државата, структурната ранливост на медиумскиот сектор значи дека здобиената слобода може лесно да се изгуби особено во време на (глобални и национални) политички промени. Минатата година власта во Северна Македонија се смени од централно-лева во централно-десничарска, склоп на околности што заедно со тековните дебати за европска интеграција, односите со соседните држави и променливата партиска динамика придонесуваат кон зголемена политичка тензија. Фрикциите неизбежно се провлекоа во медиумската сфера, каде обвинувањата за политичко мешање, селективното известување и повторниот притисок врз уредниците повторно зачестија.[85]

Истовремено, националната економија се бори со комбинираните ефекти на глобалната инфлација, покачените енергетски цени и зголемената пазарна нестабилност. Медиумите беа меѓу најсилно погодените: редакциите се соочија со сериозни финансиски ризици како резултат на намалениот пазар за рекламирање, миграцијата на маркетинг буџетите кон дигиталните платформи и зголемените оперативни трошоци. Буџетот за истражувачко новинарство беше намален, социоекономските услови на новинарите се влошија, а бројни медиуми станаа уште позависни од надворешно финансирање за да преживеат. **Ваквата економска нестабилност создаде плодна почва за политичко и корпоративно влијание, со што уредничката автономија потпадна под дополнителен притисок.[86]**

Додека наведените промени веќе почнаа да ја менуваат националната медиумска клима, ефектите се особено опипливи во локалните редакции, каде рамнотежата на моќ е понестабилна. Преку интервјуата добивме впечаток дека **промените во политичката власт често веднаш се пресликуваат во промени во уредничката политика** – понекогаш без никакво објаснување и со примена на суптилни форми на внатрешни рестрикции. Една локална новинарка ни опиша како, по неодамнешните промени во власта, сериозните истражувања повеќе не „проаѓаат“ бидејќи **уредниците бараат поафирмативни и помалку критични стории или ја ограничуваат видливоста на сензитивните теми** со тоа што не ги објавуваат на социјалните мрежи:

> „Тие решаваат дали одредена тема ќе се објави или не, дали ќе оди само на вестите, но не и на Фејсбук или Инстаграм, или на друга социјална мрежа каде знаеме дека вестите со сигурност се читаат. Искрено, до пред една година сè беше одобрувано и немавме никакви проблеми... Во овој медиум работам повеќе од седум години. **Ниту јас ниту моите колеги не сме навикнати да работиме вака.“**

Повеќемина испитаници изјавуваат дека проблемите на локално ниво сè повеќе се „замачкуваат“. Како што објасни една новинарка, кога се јавуваат проблеми, често од нив се бара да известуваат на начин што ги минимизира импликациите, а ја нагласува институционалната „проактивност“, врамено на начин што покажува дека тие „работат на случајот“ или дека веќе го средиле проблемот.

[85] Спировски, М. & Тодоровска-Костовска, В. (2025). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2024.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/dshpptuu на 15.12.2025.
[86] Ибид.

Друга новинарка посочи дека иако во теорија се очекува од локалните известувачи да бидат блиски до граѓаните и да ги следат политичките потфрлања, во пракса тоа не оди баш така. Осврнувајќи се на неодамнешните политички промени, таа посочи дека „повеќе не е како порано; во минатото немавме вакви ограничувања“ и додаде дека сегашната атмосфера „[ги] потсетува [неа и колегите] на периодот кога на власт беше Груевски – [редакциите] се воздржуваат, **се плашат од нешто“**. Од интервјуата стана јасно дека ваквото ограничување е особено присутно кај малите, локални медиуми, каде новинарите често во голема мера зависат од личните мрежи и репутација за да си го задржат работното место, со што се зголемуваат ризиците поврзани со критичкото известување.

Најочигледен пример за начинот на кој се материјализираат политичките и економските притисоци е новото регулирање на државните реклами. Со **укинувањето на член 102 во 2024 година,** со кој претходно на државните институции, јавните претпријатија, општините и другите јавни тела им беше забрането да финансираат приватни медиуми, системот повторно подлежи на нетранспарентни практики на трошење финансии и злоупотреба на политичка моќ. Додека пропонентите ги бранеа измените како неопходна финансиска поддршка за медиумите што одвај преживуваат, новинарските здруженија и медиумските експерти предупредуваа дека без прецизна и транспарента постапка за доделување на јавни финансиски средства, промената претставува **сериозна закана за медиумската објективност.**[87]

Структурните пропусти во регулирањето се особено видливи на локално ниво. Без усогласена постапка за спроведувањето на кампањите од јавен интерес од страна на општините, **кампањите лесно може да се претворат во двигатели на политичко влијание,** како што предупредуваат неодамнешните извештаи. По укинувањето на овој член, одвај неколку општини објавија детални податоци за потпишаните договори, потрошените средства или ефектите од спроведените кампањи.[88]

Дополнително, како резултат на недостатокот на траснпарентни критериуми, непосредно пред изборите се отвораат **десетици (локални) интернет медиуми**, чијашто сопственост ѝ е ретко позната на јавноста, со цел да се добијат дел од колачот за финансирање на јавни кампањи.[89] Како одговор на проблемот, измените во Законот за медиумите во март 2024 година имаа за цел да понудат решение преку воведување на **доброволен регистар на онлајн медиуми.** Само порталите што ќе се регистрираат во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) имаат право на јавни средства, при што мора да исполнуваат основни обврски за транспарентност во однос на уредничката структура, финансиите и сопственоста. Сепак, како што посочи претставник од ААВМУ, сè уште не постои ефективен мониторинг механизам за да се провери дали онлајн порталите ги исполнуваат условите за балансирано известување.

Исто така, при имплементацијата на онлајн регистарот се појавија сериозни превиди во однос на локалните медиуми. По притисокот на двајца новинари, првичниот услов според кој онлајн медиумот мора да има барем тројца вработени

---

[87] Ибид.
[88] Јанев, А. & Јовановска, М. (2025). Транспарентноста на единиците на локалната самоуправа за трошењето јавни средства во медиумите (анализа). ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/69vame3p на 15.12.2025.
[89] Rizaov, G., Richliev Z. & Epis, S. (2025). *Shadow Report on Media Freedom in North Macedonia. Metamorphosis Foundation & Osservatorio Balcani Caucaso Transeuropa.* Преземено од: https://tinyurl.com/5akyjzwt на 15.12.2025.

новинари за да се регистрира како медиум беше намален на двајца, со оглед на тоа што повеќето локални медиуми функционираат со минимален број на персонал и ограничени ресурси. Од ваквиот превид може да се увиди дека **доколку регулаторните заложби не го земат предвид локалниот контекст, наместо да ги заштитат, постои можност да им наметнат дополнителен притисок на веќе прекарните локални редакции.**

Зависноста на медиумите од државата, како што покажа истражувањето, ја поматува границата меѓу политиката и медиумите, дозволувајќи им на политичките партии да слеваат државни средства во пристрасни медиуми. На тој начин се зацврстуваат практиките на клиентелизам, корупција и несоодветно влијание врз независното новинарство.[90] Независниот мониторинг на над 30 нови онлајн портали за време на парламентарните избори во 2024 година покажа дека медиумите одбрани по случаен избор нагло го зачестиле известувањето за партиските активности, при што најveќе вести поврзани со изборите објавиле медиумите со **најочигледна пристрасност** кон одредени кандидати.[91]

Ваквата динамика е добро позната. Во минатото, државното рекламирање се сметаше за најмоќна алатка за контрола на медиумите, поради што експертите и здруженијата на новинари изразија сериозна загриженост од можно враќање на пракса што во минатото сериозно ја компромитираше медиумската слобода.[92] На овој начин, **наместо да служат како независни контролни пунктови, медиумите можат да се претворат во ехо-комори за политичките и економските елити.** Кога ваквата финансиска и политичка зависност се вкоренува во медиумскиот систем, неизбежно ќе влијае и врз средината во која работат новинарите.[93]

Во ваков контекст, известувањето на теми поврзани со корупција или организиран криминал може да доведе до **казни и притисоци,** особено кај помалите локални медиуми. За разлика од медиумите со седиште во Скопје кои имаат пристап до (по)бројни ресурси, локалните медиуми вообичаено функционираат со далеку поограничени финансиски, човекови и технички ресурси, и претежно зависат од државно рекламирање или донации, со што моќни актери како владините тела или приватните деловни спонзори влијаат врз начинот на кој се претставувани. На тој начин се создава средина во која к**ритичкото известување носи директни економски последици.** Како што изјави новинарка и уредничка на локален медиум:

> „За медиумот да преживее мораме **да известуваме афирмативно**, односно - колку и да не сакам да признаам - присилени сме да дејствуваме како **продолжена рака на локалната самоуправа.** Голем дел од печатените изданија ги купуваат институции или компании поврзани со некого. Никој не сака да биде годишен претплатник, а потоа да прочита како го критикуваме. Од самиот почеток, **мора да ги фалиме;** сè друго завршува под тепих. Економскиот елемент создава голема автоцензура.**“**

[90] Malki, S. C. (2017). “Corruption and media concentration: A panel data analysis” (MPRA Paper No. 81073). Munich ersonal RePEc Archive. Преземено од: https://mpra.ub.uni-muenchen.de/81073 на 15.12.2025.

[91] Djigal, S., Bejkova B. & Georgievski, D. (2024). Monitoring of Online News Portals Coverage of 2024 Parliamentary Elections North Macedonia. Foundation for Internet and Society “Metamorphosis”. Преземено од: https://tinyurl.com/yc3f54dy на 15.12.2025.

[92] Тунева, М. (2023). Меѓу предизвиците и решенијата: Водич за интегритетот на медиумите во Северна Македонија. ЗНМ & УНДП. Преземено од: https://tinyurl.com/2s5vybzf на 15.12.025.

[93] BIRN. (n.a.). “Financial Dependency: Clientelism as modus operandi”. Media Ownership Monitor North Macedonia 2023. Преземено од: https://tinyurl.com/55wzxmjt на 15.12.2025.

Следствено, економската зависност ги претвора локалните медиуми во „миленичиња“ (lapdogs) наместо во „чувари“ (watchdogs), одземајќи им ја способноста за објективно известување. Испитаниците ја изразија својата немоќ во однос на автоцензурата:

> „На годишно ниво имам договори со три јавни претпријатија: Водовод, Комунално и Јавни патишта. Износите се минимални. **Но нивните реклами ми ставаат кочница:** во моментот која ќе објавам нешто за ѓубрето, нечистотијата, нешто што граѓаните сакале да биде посочено или критикувано, [претпријатијата] ми се јавуваат и ми велат, „Зошто нè критикуваш? Правиме колку што можеме.“

Една известувачка ни сподели дека нејзината улога сосем „природно“ се протега и во делот на маркетингот: редовно мора да изнудува реклами од приватните претпријатија, но не од локалните бизниси бидејќи нејзиното критичко известување ги има навредено речиси сите („Ги имам искритикувано сите можни приватни претпријатија во градов“). Поради тоа ѝ е кажано да бара реклами од големите национални компании. Ситуацијата е слична за повеќето испитаници.

## Дезинформации, „пи-ар“ медиумска содржина и локалниот медиумски вакуум

Финансиската несигурност и зависноста од (политичко) рекламирање, во комбинација со стравот од замолчување во случаи кога се критикуваат оние што плаќаат ги имаат изместено локалните медиумски еко системи.

Прво, вакуумот создаден од економски ослабените професионални медиуми создадоа простор **пазарот за рекламирање да биде преземен од страна на лица без речиси никакво новинарско образование, коишто се претставуваат како медиуми, а притоа често се врзани со централните власти.** Испитаниците споделија случаи каде извесни јавни функционери отвораат онлајн портали и го добиваат поголемиот дел од колачот на локалното рекламирање заради приврзаноста со институциите. Новинарка опиша особено впечатлив пример на полициски службеник од поголем град во Северна Македонија, кој самиот води портал и ги добива поголемиот дел од локалните реклами само затоа што приватните претпријатија и институциите го перципираат како побезбеден избор за коалиција. Ваквите постапки не само што ги пренасочуваат ресурсите од вистинското новинарство, туку и ги заматуваат границите меѓу државната власт (јавните органи), приватниот профит и политичкото влијание, со што **дополнително се поткопува довербата на јавноста.**

Второ, економската нестабилност на локалните редакции го поттикна подемот на **„Фејсбук новинарство“** – термин кој беше употребен од повеќемина испитаници – односно пренасочување од истражувачката работа кон **преземање на веќе објавени изјави за печат, емитување на политички настани во живо и зголемена содржина поврзана со односи со јавноста.** Наместо да поставуваат прашања, од новинарите се очекува да ги „следат“ локалните функционери додека ги вршат дневните обврски, односно да се документира секој чекор заради видливост на социјалните медиуми. Како што посочи една испитаничка:

„Ова е новитет. Во минатото, за време на изјавите за печат ги соочувавме политичарите со поставување на прашања. Сега сè се врти околу смешно „пи-ар“ шоу – политичарите зборуваат, а **таканаречените новинари само го држат микрофонот** и го објавуваат нивниот говор.“

Паралелен тренд претставува дополнителното поместување на границите на доверливите информации: **порастот на (локални) инфлуенсери кои сè почесто функционираат како неофицијален извор на вести.** Испитаниците посочија дека овие личности – често без новинарска позадина, етички обврски или уреднички надзор – сепак имаат пристап до широка публика и добиваат платени промоции од политичките актери или локалните бизниси. Нивната содржина, врамена како најнови вести од заедницата или, пак, „инсајдерски информации“, всушност ја движат нетранспарентни интереси и лична лојалност. Следствено, со ваквата динамика не само што се засенува работата на професионалните новинари, туку кај публиката се јавува збунетост бидејќи не може да разграничи помеѓу независно известување и спонзорирана содржина и пропаганда.

Додека дезинформациите, анти-ЕУ и анти-западните наративи често се анализираат на национално ниво, нивните ефекти се далекусежни и стратешки експлоатирани и на локално ниво.[94] Ерозијата на локалното новинарство создава **вакуум на информации во кој дезинформациите непречено се шират,** особено во заедници со ограничен пристап до независни и веродостојни извори на вести. Во ваков контекст, политички поврзаните портали, инфлуенсери и нетранспарентни онлајн медиуми добиваат можност корупцијата и јавните интереси да ги врамат во поларизирачки наративи со што се поткопува довербата во демократските институции и независните медиуми. Следствено, дезинформациите функционираат не само како закана за медиумската слобода, туку и како составен дел од истиот екосистем што ја ослабнува уредничката независност и ја изобличува јавната дебата. Со тоа се зголемува ризикот со кој се соочуваат новинарите кои им се спротивставуваат на доминантните структури на моќ, особено на локално ниво.

Покрај наведените промени во практиката, испитаниците многупати посочија на непостоење на структурни инструменти за заштита на уредничката независност. Во **Северна Македонија сè уште не постои Фонд за медиумски плурализам** – независен механизам за поддршка на содржина од јавен интерес и помала зависност на локалните медиуми од политичко или клиентелистичко рекламирање. Додека локалното новинарство добива суштински ресурси преку грантови, истите често се нестабилни и оскудни. Неодамнешното кратење на средствата, како на пример прекинувањето на поддршката од страна на УСАИД (USAID), ја нагласува прекарноста на овој модел. Во текот на интервјуирањето, новинарите се пожалија дека натпреварот за ограничените ресурси е во полза на поголемите медиуми со седиште во главниот град, додека локалните медиуми немаат ниту време, ниту капацитет за подготовка на опсежниот процес за аплицирање за грантови.

Оттука постои силна иницијатива за креирање на **автономен фонд** за транспарентно финансирање според заслуги, кој ќе биде заштитен од локално

---

[94] Institute for Strategic Dialogue (2024). “Monitoring Influence & Disinformation Campaigns in the Western Balkans (MEDIWEB)”, ISD. Преземно од: https://tinyurl.com/mtduv95s на 18.12.2025.

политичко влијание. Оваа идеја постои со години,[95] но без резултат, со што локалните медиуми се изложени на притисоци слични на оние што го овозможија „заробувањето“ на целата држава во минатото. Оттука, меѓу локалните новинари со кои разговаравме, расте загриженоста дека **вистинското независно локално новинарство е во опасност сосема да исчезне.** Една уредничка предупреди дека:

> „Без систематски промени, сè што е независно, или покажува знаци на независност, полека ќе исчезне. Наскоро внатрешноста на земјата ќе остане празна и сè ќе биде концентрирано на националните медиуми.“

Во ваков контекст, **под ризик не е ставен само опстанокот на локалните медиуми, туку и правото на граѓаните да добиваат веродостојни, независни информации за местата каде што живеат.**

# Структурни препреки, тактики на заплашување и (родово-засновано) насилство

И покрај суровата реалност на снаоѓање со ограничени ресурси, политички притисоци и намален пристап до информации, бројни локални новинари се истрајни во критичкото известување. Тие ја следат и известуваат за работата на државните функционери, за постапките на владата и за одредени прекршувања, во обид да ги освестат граѓаните и да ги поттикнат носителите на одлуки на одговорност. Сепак, ваквата работа често се одвива на нивна лична штета. Оние што се осмелуваат да известуваат критички се соочуваат со комбинација од структурни препреки, институционална нетранспарентност, директни закани и/или родови бариери. Нивните сведоштва зборуваат за отпорот кон стравот, потребата да се биде внимателен, но и како внимателноста постепено преминува во автоцензура.

## Ограничен пристап до информации

Испитаниците истакнаа дека **пристапот до информации варира во зависност од политичкиот момент.** Неколкумина ја опишаа истата шема: при промена на власта, институциите се склони да даваат изјави – новоназначените функционери не се двоумат да ги посочат недостатоците и неуспесите на нивните претходници. Но, колку подолго администрацијата останува на власт, толку позатворени и сомничави стануваат институциите. Една новинарка посочи дека по почетниот период на новата влада, процесот „забавува“: рестрикциите стануваат построги, државните службеници стануваат поплашливи, а каналите за комуникација замираат.

Иако со неодамнешните измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на институциите формално им беше одреден рок од 20 дена за одговор, наспроти претходните 30 дена, новинарите велат дека реалноста

[95] Спировски, М. & Тодоровска-Костовска В. (2025). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2024.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/dshpptuu на 15.12.2025.

на терен е сосема поинаква.[96] Барањата рутински се отфрлаат до недоглед со стереотипни одговори како „работиме на случајот“. Еден испитаник го срочи проблемот во целост:

> „За повеќето функционери законот не постои. Има само едно правило – или ќе ја споделат или нема да ја споделат информацијата. Доколку решат да ја споделат, еден ден ќе ја добиете. Доколку одлучат спротивно, никогаш нема да ја добиете. Ќе ве препраќаат од институција до институција сè додека не се откажете.“

Судовите ги опишуваат како најнетранспарентни, при што локалните ограноци на министерствата најчесто чекаат одобрување од централната власт пред да издадат какви било информации. И покрај подобрувањата во законот, пристапот и понатаму е бавен, непостојан и условен од политичка дискреција.

Кај новинарките, **пристапот е дополнително условен од неформалните, родови вмрежувања.** Неколкумина изјавија дека суштинските информации се споделуваат во социјални простори каде што доминираат мажите, како на пример локалните кафулиња, дружењата по барови или кафани доцна навечер, или во кругови на познаници затворени за жените. Една новинарка јасно изјави:

> „Во земјава работите се решаваат во кафана. Машките колеги имаат отворен пристап до тие кругови. Јас како жена не можам едноставно да отидам и да седнам со нив. Ќе ме гледаат попреку. Но, токму таму се формираат пријателствата и се споделуваат информациите.“

Уредниците потврдија дека приказните со висок ризик често им се доделуваат на мажи, не поради сомнеж за компетентноста на жената, туку поради загриженост за нејзината безбедност. Сепак, **логиката на „заштита“,** дури и кога е добронамерна, носи ризик од зголемување на нееднаквиот пристап до можности, а **претпазливоста служи како суптилна маска за дискриминација.**

Истовремено, голем број испитаници истакнаа дека новинарките се поупорни, трпеливи и посветени на истражувачката работа. Изненадувачки, сите испитаници – мажи и жени – ги опишаа новинарките како ‘похрабри’ од своите колеги. Иако никој од нив не појасни дополнително што подразбира ваквата храброст, споделеното сугерира форма на **отпор како резултат на родовите очекувања и реалноста да се известува во мала и поврзана заедница.**

Една новинарка забележа дека истрајноста повлекува и еден поинаков вид на професионална почит на терен. Бидејќи работи сама, сама ја носи опремата и инсистира да биде присутна во простори каде што не се очекува присуството на жените, истакна дека се здобила со одредена стравопочит:

> „Како новинарка, кога ќе видат дека работам сама – сама ја поставувам камерата, излегувам на терен – повеќе ме почитуваат. Се работи за почит како **резултат на стравопочит.“**

[96] Петрушевска, Д. (2024). „Бројни препреки и сопки на патот кон слободен пристап до информации“. [онлајн] ПИНА. Преземено од: https://tinyurl.com/3yr3kdn6 на 15.12.2025.

## Закани и оркестрирано вознемирување

Покрај институционалните препреки, новинарите опишаа и шема на **оркестрирани напади, во дигиталната и физичката сфера,** со цел да го спречат и замолчат критичкото известување. Одредени медиуми се соочиле со координирани **дигитални напади, неочекувани посети во редакциите и анонимни телефонски повици.** Ваквите инциденти често резултираат со автоцензура: новинарите ги напуштаат приказните од страв од лична одмазда.

На пример, една локална редакција добила заканувачка порака од локалните власти со следните зборови: „Веќе имате два жолти картони; внимавајте да не добиете црвен". Поединечни новинари биле нарекувани „крвопијци" од страна на локални партиски членови и оцрнувани под обвинение дека се политички пристрасни. Една новинарка ни опиша како непознат маж ѝ се појавил пред врата, а другите раскажаа дека познаници често ги испитуваат нивните сопружници или членови на семејството за нивната работа.

Во помалите градови, **социјалната близина го засилува притисокот.** Новинарите нагласуваат дека неминовно се поврзани со политички или институционални актери преку пријатели или роднини, **што ја ограничува неутралноста и често води кон изолација.** Една новинарка отворено изјави:

> „Ова е мало место, и не можеме да си дозволиме луѓето да ги гледаме како пријатели. Од пет луѓе со кои ќе се сретнеш, еден е директор, друг работи во министерство. Те блокираат од сите страни, па јас вообичаено се држам настрана. Сите поблиски пријатели ми се од главниот град."

Пријателства со полицајци или службеници често одат рака под рака со **имплицитно очекување на услуги за возврат.** Одредени новинари изјавија дека нивни познаници ги притискале „да не чепкаат одредени теми", додека други се соочиле со суптилна уцена, како на пример нудење на реклами, врски или политичка заштита во замена за позитивно известување. Понатаму, на една новинарка ѝ биле понудени пари откако „тие" [наводно лица вработени во локалната самоуправа] дознале дека нејзината мајка била болна.

Во текот на процесот на интервјуирање, **локалните градоначалници често се јавуваат како клучни извори на притисок врз новинарите,** како што покажува и следниот случај:

> „Имавме проблем со претходниот градоначалник. Еднаш, весникот го објави неговиот извештај за користење на јавни средства, а потоа прочитавме објава од вработено лице во одделението за финансии и буџет во локалната самоуправа во кој се прикажа сосема поинаква слика за трошењето на парите. Решивме на една страна да ја пренесеме изјавата на градоначалникот, а на другата на вработеното лице. По ова **сите претплати за весникот беа откажани,** добивме лавина на непријателски коментари, а против вработеното лице дури беше покренато и кривично обвинение за злоупотреба на позицијата и за оддавање на јавни тајни."

Во друг град, поранешен градоначалник чувал „досие“ за секој новинар што му „згрешил“, односно напишал нешто што не му се допаднало на градоначалникот. Целта на ваквата тактика на заплашување била да се предизвика **присилно замолчување.** Како што резигнирано изјави еден новинарка:

> „Колегите од градовите во внатрешноста споделуваат дека постои голем притисок во локалните заедници и мислам дека полека се оддалечуваме од теми поврзани со локалните моќници. Со оглед на состојбата во земјата, и што сè може да ти се случи, на пример да те тужат со SLAPP тужба, сите сме во позиција кога мериме три пати пред да пресечеме. Сè уште не сум ги автоцензурирала моите текстови, но веројатно ќе дојде и до тоа. **Ова не е време за докажување, туку за преживување.“**

Дури и вештите и посветени новинари се принудени да се справуваат со ситуации каде претпазливоста станува поголем приоритет за опстанок од уредничката независност. Овој факт не изненадува со оглед на тоа што насилството понекогаш не останува само на празни закани. Во еден град беше **запален автомобилот на сопственик на медиум** откако објавиле истражувачка приказна за неетичко позајмување на пари. Сепак дури и при вакви таргетирани напади, новинарите често ја нормализираат опасноста, па **заканите, вознемирувањето и насилството ги поимаат како несреќен, но неизбежен аспект на професијата.**

## Дигитално (родово-засновано) насилство и институционален неуспех

Слично на личното или индиректното физичко заплашување, онлајн вознемирувањето на новинарите е широко распространето и во голема мера нормализирано. Во текот на интервјуата спроведени за време на истражувањето, новинарите изјавија дека често добиваат негативни коментари под објавените натписи или преку директни пораки. Најчесто ваквите напади ги игнорираат, затоа што пријавувањето на истите налага тоа да се прави секојдневно. **Токму затоа, заканите со тужби, нападите мотивирани од професионална одмазда и дигиталното вознемирувањето вообичаено се перципираат како нераздвоен дел од новинарската работа.**

Податоците добиени од истражувањата ги потврдуваат ваквите искуства. Според анализата спроведена во 2022 година од страна на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), **37,3% од новинарите – жени и мажи – пријавиле дека добиле закани, претежно на социјалните медиуми**. И покрај високиот процент, стапката на пријавување останува екстремно ниска: само 17,7% од засегнатите новинари пријавиле во новинарски здруженија, додека само 15,9% ги пријавиле инцидентите во полиција, што ја одразува вкоренетата недоверба кон механизмите за институционална заштита, особено недовербата во судската власт, полицијата и јавното обвинителство.[97] Во случај споделен при интервјуирањето, новинари од една редакција по телефон добиле закани по живот, но полицијата ги известила дека ќе мора да чекаат до 14 дена за решение, оставајќи ги новинарите изложени и незаштитени.

---

[97] Бејкова, Б. & Џигал, С. (2022). *Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници.* ЗНМ & ССНМ. Преземено од: https://tinyurl.com/5n8jdtxu на 15.12.2025.

Сепак, како што објаснува локален новинар, иако малите или „бенигни“ напади често се игнорираат, посериозните форми на институционално заплашување налагаат поинаков пристап. Притоа ја нагласи важноста од директна, писмена комуникација, како и **постоењето на документирана трага при напади од страна на јавни институции**, забележувајќи дека „доколку јавна институција се обидува да дискредитира, важно е да се има писмен доказ дека нешто се случило“.
И покрај постојните закони за заштита на новинарите, нивната ефикасност и понатаму е ограничена. Истрагите поведени како резултат на закани или напади често се движат бавно, неуспешни се и нецелосни, при што се создава култура на неказнивост и се охрабрува понатамошно насилство. Усвоените санкции често се благи и не соодветствуваат со сериозноста на прекршоците. Иако владата воведе мерки како што се специјализирани полициски единици и посебни јавни обвинители за случаи со медиумски работници, ваквите напори се попречени од недоволните ресурси, недостигот на обука, бавните постапки или лошата институционална координација.[98]

Вознемирувањето, заканите и дигиталното насилство ги засегаат сите новинари, меѓутоа жените се соочуваат со поспецифичен и пораспространет ризик. Познато е дека на глобално ниво **жените во новинарството се соочуваат со несразмерно повисоко ниво на професионално и лично вознемирување,** често како стратегија за **замолчување и исклучување.**[99][100][101] Истото е документирано и на локално ниво, при што во последното издание на Индексот за безбедност на новинарите, ЗНМ објави специјално издание за конкретните безбедносни предизвици со кои се соочуваат новинарките. [102]

Покрај притисоците при покритие на теми врзани со корупција, структури на моќ и човекови права, **новинарките често се експлицитно таргетирани на родова основа.** Овој образец се забележува и на локално ниво, каде родово-заснованите напади најчесто не се насочени кон нивниот професионален интегритет туку кон нивните лични карактеристики. **Навредите, заплашувањето и онлајн нападите посегнуваат по нивниот физички изглед, морал и/или приватен живот како средства за дискредитација кога ја критикуваат нивната „непрофесионалност“, наместо да се фокусираат на она што навистина го сработиле или не.** Како што посочува една локална новинарка:

> „Новинарките се извикани на Фејсбук затоа што се облекуваат **„недолично“ или водат „неморален“ живот...** Од друга страна, мажите ги обвинуваат дека се „продадени души“ и корумпирани или ги нарекувани глупи и некомпетентни, односно нивниот кредибилитет се поткопува на поинаков начин.“

---

[98] Спировски, М. & Тодоровска-Костовска В. (2025). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2024.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/dshpptuu на 15.12.2025.

[99] Posetti, J. et al. (2022). The Chilling: A Global Study of Online Violence Against Women Journalists. International Center for Journalists. Преземено од: https://tinyurl.com/47vbvtma на December 15, 2025.

[100] Ferrier, M. (2018). “Attacks and Harassment - The Impact on Female Journalists and Their Reporting”. IWMF, Troll Busters. Преземено од: https://tinyurl.com/mw654aef на Devember 15, 2025.

[101] York, N., Posetti, J., et al. (2025). Tipping Point: The Chilling Escalation of Online Violence Against Women in the Public Sphere. UN Women. Преземено од: https://tinyurl.com/3h4hpp7b на December 15, 2025. Сепак, најновиот извештај не ги опфаќа само новинарките и медиумските работнички, туку и жените бранителки на човекови права и активистките, односно жените во јавната сфера, при што се покажува дека 70% од 640-те испитанички кои се идентификуваат како жени, од 119 земји, доживеале онлајн насилство во текот на својата работа.

[102] Спировски, М & Тодоровска-Костовска, В. (2025). Предизвици и напредок: Безбедноста на новинарките во Северна Македонија 2024. Safejournalists.net. Преземено од: https://tinyurl.com/39r4avcs на 15.12.2025.

Ваквото вознемирување има сериозно психолошко влијание. За време на интервјуата, новинарка изјави дека во една прилика, откако добила непристојни коментари, во афект почнала да им одговара за што веднаш се покајала, но не ги избришала објавите. Раскажа како се расплакала од очај поради **обезвреднувањето на нејзината работа на толку дехуманизирачки начин и се присети како тоа придонело да стане попретпазлива:** „Кога коментираат така се чувствуваш лошо, па следниот пат кога ќе почнеш да работиш на одредена приказна стануваш повнимателна. Секако дека ти влијае“.

Важно е да се земе предвид дека голем дел од новинарките и**зјавија дека повеќе ги повредуваат непристојните онлајн коментари отколку директните закани од страна на моќниците,** што сведочи за огромниот товар да се биде постојано под будното око на јавноста. Квантитативните податоци ја потврдуваат распространетоста на онлајн вознемирувањето. Според едно национално истражување, **81,6% од анкетираните новинарки доживеале дигитално вознемирување заради работата**, претежно на социјалните медиуми како Фејсбук. Тие го поврзуваат вознемирувањето со објавување на критичка содржина за моќни институции или лица (56,6%), покривање на теми што традиционално се сметаат за „машки“ или само затоа што се жени во јавната сфера. Нападите често содржат насилни и сексистички коментари, објави со нивните имиња и директни пораки, поради што **39% од жените кои искусиле вознемирување изјавиле дека се самоцензурирале.** Уште повознемирувачки е фактот што **во 16% од случаите, вознемирувањето се префрлило од онлајн во офлајн просторот,** што посочува на јасна траекторија на прелевање од дигиталната во физичката сфера.[103]

Заканите што вклучуваат сексуално насилство се особено алармантна форма на вознемирување насочено кон новинарките, особено кога покриваат чувствителни теми како што се корупција или, пак, оние кои јавно се произнеле за одредени социјални прашања. Таков беше случајот со Драган Павловиќ Латас, менаџерот на порталот „Вечер“, кој во февруари 2025 г. објави неколку статуси на социјалните медиуми насочени кон две новинарки – едната од нив главна и одговорна уредничка – од Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ).[104] Само по неколку часа објавите поттикнаа лавина од говор на омраза и повици за насилство (како и закани за силување). Ваквиот вид на закани често се применува за заплашување и замолчување на новинарките, како и за поткопување на нивниот кредибилитет. За да си ја осигураат сопствената безбедност, двете новинарки беа принудени да ангажираат приватно обезбедување во текот на еден месец – клучно ниво на заштита што повеќето локални или новинарки кои работат хонорарно, особено надвор од Скопје, не можат да си го дозволат.

Меѓународниот контекст го потврдува образецот на родово-засновано насилство и физички манифестации на истото. Глобалното истражување спроведено во 2020 година од страна на УНЕСКО и Меѓународниот центар за новинари покажа дека **73% од новинарките доживеале дигитално насилство, а 20% биле пропратно нападнати надвор од дигиталната сфера.[105]** Наодите истакнуваат дека

---

[103] Јовановска, Б. (2022). *Од нормализација до самоцензура: Анализа на онлајн вознемирувањето на новинарките во Северна Македонија. ОБСЕ & ПИНА.* Преземено од: https://tinyurl.com/ynkmzfma на 15.12.2025.

[104] Истражувачка репортерска лабораторија (2025). „Од што се плаши Латас кога ве поттикнува да нè силувате и линчувате?“. [онлајн] ИРЛ. Преземено од: https://tinyurl.com/4djjf557 на 15.12.2025.

[105] Posetti, J. et al. (2022). *The Chilling: A Global Study of Online Violence Against Women Journalists. International Center for Journalists.* Преземено од: https://tinyurl.com/47vbvtma на 15.12.2025.

во јавниот дискурс, особено во популистички и десничарски контекст, но и ја нагласуваат ранливоста на новинарките кон координирани кампањи на вознемирување со цел да се обесхрабрат од критичко известување.

И покрај зачестеноста на нападите, новинарките не ги пријавуваат случаите: **43,7% не ги пријавиле инцидентите.** Уште позагрижувачки е фактот што, со исклучок на шест новинарки, **ниту една од останатите 95.1% не побарала психолошка поддршка или помош.**[106] Ова станува алармантно со оглед дека на прашањето што најчесто ги загрижува при работата, **речиси половина од новинарките (42,8%) посочиле на анксиозност за нивното ментално здравје или емоционална состојба,** споредено со мизогинијата се користи како оружје само една четвртина од мажите (25,8%), додека 35,5% од жените искажале загриженост за своето физичко здравје, наспроти 17,3% од мажите.[107]

Во 2023 година, ЗНМ во соработка со Министерството за внатрешни работи изработија „Протокол за безбедност на новинарите на интернет“, во кој експлицитно се потврдува дека новинарките претрпуваат несразмерно повисоко ниво на вознемирување на интернет.[108] [109] По усвојувањето на протоколот, Министерството назначи специјално лице за контакт кое ќе биде одговорно за примање и справување со случаи на закана на интернет насочени кон новинари и други медиумски работници, што претставува важен институционален чекор за подобрување на нивната безбедност.

Сепак, иницијативите како специјалните единици на Министерството за внатрешни работи за истрага на новинарски напади и назначување на јавни обвинители кои ќе ги следат предметите поврзани со безбедноста на новинарите не се без маани и предизвици. Судските процеси и истраги се одолговлекуваат, не постои соработка меѓу институциите, додека полицијата и судските власти често немаат соодветни ресурси и обука за ефективно следење на комплексни случаи на насилство против новинарите, особено кога тие се извршени во дигиталната сфера.[110] Во една изјава, Јавниот обвинител одговорен за следење на предметите поврзани со безбедноста на новинарите, Љупчо Коцевски истакна дека предметите поврзани со физички напади полесно се процесираат во споредба со предметите на дигитална закана и вознемирување. За да може да интервенира, Јавниот Обвинител зависи од меѓународната соработка со социјалните медиумски платформи и интернет-провајдери.[111] Сепак, новинарите се скептични и посочуваат на постоење на **двојни стандарди**:

> „Кога мета на нападот е некој политичар, предметот брзо се разрешува. Но кога мета на напад сме ние, одеднаш е „невозможно“ да се открие

---

[106] Јовановска, Б. (2022). *Од нормализација до самоцензура: Анализа на онлајн вознемирувањето на новинарките во Северна Македонија.* ОБСЕ & ПИНА. Преземено од: https://tinyurl.com/ynkmzfma на 15.12.2025.

[107] Трпевска, С. (2024). *Работните услови во медиумскиот сектор: професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници.* ССНМ & РЕСИС. Преземено од: https://tinyurl.com/29suyx3m на 15.12.2025.

[108] Здружение на новинарите на Македонија (2023). „ЗНМ и Министерството за внатрешни работи со протокол за безбедноста на новинарите на Интернет“, ЗНМ. Retrieved from: https://tinyurl.com/mhpsjebx на 15.12.2025.

[109] Бресковски, И. & Ангеловски, Т. & Арсовска, Б. (2024). *Прирачник за безбедност на новинари.* ЗНМ. Преземено од: https://tinyurl.com/37tk295y на 15.12.2025.

[110] Спировски, М & Тодоровска-Костовска, В. (2025). *Предизвици и напредок: Безбедноста на новинарките во Северна Македонија 2024. Safejournalists.net.* Преземено од: https://tinyurl.com/39r4avcs на 15.12.2025.

[111] Јавно Обвинителство на Република Северна Македонија (2024). „Коцевски: Јавно ја осудувам секоја форма на притисок и закани кои се насочени кон замолчување на новинарите и влијание врз нивната работа“. Преземено од: https://tinyurl.com/yd3hhdzx на 15.12.2025.

сторителот, особено ако се случи онлајн. Се повторува истиот изговор – дека профилите се анонимни или меѓусебно координирани – **па нашите случаи само се одолговлекуваат.“**

Разгледани во целост, наведените родови динамики го зголемуваат психолошкиот товар на професијата, но и го дефинираат уредничкиот избор на жените и изборот на стории и влијаат врз начинот на кој жените се справуваат со предизвиците на работното место и во нивната заедница.

## (Страв од) ерозија на јавната доверба

Локалното новинарство суштински им помага на граѓаните да разберат како функционира моќта во сопствените заедници. Преку истражувачкото, или во најмала мера аналитичкото известување, луѓето дознаваат како изгледа корупцијата во пракса и на кој начин треба да се бара отчет од институциите. Еден новинар објаснува: „Просечниот граѓанин всушност не знае што се смета за корупција освен поткуп, ниту пак ја разбира одговорноста на локалната самоуправа.“

Незнаењето води кон **нереални очекувања од новинарите,** особено во малите градови каде луѓето поинтимно се познаваат. На пример, полицијата испраќа дневни извештаи, коишто медиумите потоа рутински ги објавуваат. Сепак, локалните новинари изјавуваат дека повеќето луѓе претпоставуваат дека новинарите имаат директен пристап до имињата на сторителите или доверливи податоци и бараат да им ги откријат како да се работи за лична услуга. Во одредени случаи, ваквото **недоразбирање ескалира во непријателски односи:** еден новинар добил закани по неговиот живот од граѓанин бидејќи мислел дека новинарот ги крие имињата од јавноста.

Истражувањата доследно посочуваат дека **јавната доверба во медиумите е на ниско ниво и стагнира.** Причините се добро познати и распространети: политичко влијание врз уредничките одлуки, ширење на дезинформации, пропаганда и говор на омраза – што влијае на перцепцијата дека медиумите не се целосно независни.[112] Податоците од изминатите три години го потврдуваат овој тренд: само 6-7% од граѓаните изјавиле дека имаат голема доверба во медиумите, додека околу половина (41-48%) рекле дека до некаде им веруваат.[113]

И покрај предизвиците, **јавната доверба не е сосема изгубена,** како што посочија неколку локални новинари кои велат дека граѓаните често ги поддржуваат и сметаат на нив да ја изнесат вистината на виделина. Напротив, недовербата се должи на пошироката политичка клима: кампањите за ширење на дезинформации, медиумите контролирани од политичките партии, како и корумпираниот институционален систем, којашто влијае врз перцепцијата на граѓаните за сите медиуми, вклучително и независните. Ерозијата на довербата несразмерно влијае на локалните новинари, бидејќи нивната работа е повидлива и податлива на

---

[112] South East European Network for Professionalization of Media. (2022). Media Trust in North Macedonia. Преземено од: https://tinyurl.com/y945xnbm на 15.12.2025.

[113] Никодиновска, В. & Чаусидис, Т. (2025). *Сиромашен медиумски пазар, ниски етички стандарди, потреба од ефикасно законодавство*. МИМ, Скопје & Фондација “Mediacenter”, Сараево. Преземено од: https://tinyurl.com/3uf6kvdx на 15.12.2025.

недоразбирање заради физичката близина до заедницата. **Сепак овие новинари продолжуваат посветено да му служат на јавниот интерес и често работат под огромен притисок за да можат проверено и одговорно да известуваат во средини каде недовербата се гради на нивна сметка.**

# Заштита, синдикално здружување и солидарност

Во политичкиот и медиумскиот контекст во кој локалните новинари се соочуваат со финансиска несигурност, структурни бариери што го попречуваат известувањето за корупција и организиран криминал, како и (родово-засновано) вознемирување и закани, пронаоѓањето на стабилни насоки и механизми за заштита е од суштинско значење. Додека формалните механизми како синдикатите постојат за да ги заштитат новинарите, нивниот капацитет понекогаш е ограничен, особено надвор од главниот град. Значајноста на неформалните мрежи за поддршка меѓу новинарите несомнено се зголемува во вакви околности.

Новинарските синдикати, како што се **Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)** и **Здружението на новинарите на Северна Македонија (ЗНМ)** нудат специфични насоки за заштита на новинарите. Се залагаат за посилни институционални и правни механизми за заштита на вработените во медиумите во согласност со економските и професионални интереси. ЗНМ ги следи физичките и онлајн нападите врз новинарите, а нудат и бесплатна правна помош и психолошка поддршка. На пример, во 2024 година, понудиле бесплатна правна помош за 66 предмети, а психолошка за 11.[114] Што се однесува до ССНМ, тие исто така нудат бесплатна правна помош за членовите-медиумски работници. Владините регулаторни тела, како што се **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ)** имаат ограничен домен во поддршката кон новинарите бидејќи нивниот мандат во главно се фокусира на регулација на радиодифузијата.[115]

Клучно е да се забележи дека степенот во кој синдикалните мерки соодветно одговараат на новинарските потреби и се здобиваат со нивната доверба и ангажман е дискутабилен. **Членството во синдикатите не е на многу високо ниво,** при што во 2024 г. 58% изјавиле дека не припаѓаат на ниту една синдикална организација.[116] Речиси половина (45%) го препишуваат ова на недоволна свесност за синдикалните активности, што укажува на недоволна комуникација и досег. Истовремено, значителен број на новинари (63%) искажале загриженост дека синдикатите се податливи на корупција или корпоративно влијание.[117] Ова сведочи за **широко распространет скептицизам кон институционалните механизми наменети за заштита на работничките права,** што укажува на тоа дека **недостатокот на информации и недовербата во организацискиот интегритет**

---

[114] Здружение на новинари на Македонија (2025). „Усвоена Декларација за одбрана на професионалното новинарство на годишното собрание на ЗНМ“. Преземено од: https://tinyurl.com/52pp7ner на 18.12.2025.

[115] Спировски, М. & Тодоровска-Костовска, В. (2025). *Северна Македонија: Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2024.* ЗНМ: Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/dshpptuu на 15.12.2025.

[116] Трпевска, С. (2024). *Работните услови во медиумскиот сектор: професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници.* ССНМ & РЕСИС. Преземено од: https://tinyurl.com/29suyx3m на 15.12.2025.

[117] Ибид.

придонесуваат за ниското синдикално учество во медиумскиот сектор.

Како што потврдија интервјуата, овие перцепции преовладуваат и на локално ниво. Новинарите често се чувствуваат занемарени од структурите за кои сметаат дека се премногу концентрирани во главниот град. Неколку испитаници посочија **дека се чувствуваат „препуштени сами на себе“** бидејќи синдикалните активности, видливоста и механизмите за поддршка се претежно насочени на Скопје, со што се ограничува и отежнува нивниот пристап до информации, застапување и навремена помош. Во тој контекст, недовербата во капацитетот на организации како што се ЗНМ и ССНМ не се поврзува единствено со институционалниот кредибилитет, туку и со оддалеченоста на нивното застапување на национално ниво од секојдневната новинарска реалност на новинарите надвор од главниот град: „На семинарите секогаш ги гледаш истите луѓе. Што треба да мислам за ЗНМ и ССНМ? Оперираат како „кланови“. Не знам дали можам да се потпрам целосно на нив.“

Од друга страна, некои од другите новинари нагласија дека, во рамките на своите ограничени капацитети, синдикатите и професионалните здруженија го даваат својот максимум со оглед на незавидните структурни и финансиски услови. Тие изразија **благодарност за достапните обуки, правната помош и психолошката поддршка,** истакнувајќи дека иако овие мерки често не се доволни или пристапни за сите, сепак претставуваат важна форма на поддршка во инаку кревката медиумска средина.

Како резултат на недоволната институционална заштита на новинарките беше формирано посебно тело во рамките на ССНМ, **неформалната женска мрежа „ЕДНАКВА“,** којашто работи на спречување на дискриминација на работното место и родово-засновано вознемирување и зајакнување на позицијата на жените во медиумскиот сектор. Во длабинско интервју со Марија Митевска, новинарка и претседателка на „ЕДНАКВА“, на тема дискриминација на работно место и вознемирување, таа изјави:

> „Дефинитивно постои потреба од едукација и кревање на свесноста, и во општеството како целина и во рамките на новинарската заедница, бидејќи постојат случаи кога дури и новинарките го нормализираат несоодветното однесување како составен дел од работата.“

Преовладува впечатокот дека новинарските перцепции за родовата еднаквост во медиумскиот сектор, без оглед на нивниот родов идентитет, се сведуваат на еднаквост на платата. Податоците покажуваат дека значителен број или не знаат дали постојат (40,3%) или изјавиле дека нема (18,5%) внатрешни политики и процедури за обезбедување на родова еднаквост на нивното работни место, што ја нагласува потребата од видливи, структурирани и сеопфатни мерки.[118] Неопходно е да се истакне дека е потешко да се истражи ваквата динамика на локално ниво, бидејќи **да се бара конкретни внатрешни политики и процедури за родова еднаквост е излишно во локалните редакции каде бројот на новинари е мал или пак се предводени од еден главен и одговорен уредник.** Сепак, наодите укажуваат на сеприсутна култура во медиумската сфера каде **сеопфатното**

---

[118] Бејкова, Б. & Џигал, С. (2022). *Анализа – Безбедносната и социо-економската состојба во медиумите: Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници.* ЗНМ & ССНМ. Преземено од: https://tinyurl.com/2cp4k67c на 15.12.2025.

**разбирање и почитување на родовата еднаквост не се смета за приоритет.**

При недостаток на или, пак, непознавање на внатрешните политики и процедури за родова еднаквост, не изненадува фактот што **механизмите за пријавување на родово-засновано вознемирување, особено во дигиталниот простор, се подеднакво неразвиени.** Ако постои проблем со редакциските капацитети во главниот град – како на пример недостаток на техничка поддршка, обуки и јасни протоколи за ефикасно справување со онлајн напади и заштита на новинарките – состојбата на локално ниво е уште попрекарна. Како што забележа претставник на ССНМ, синдикатот „не добива извештаи од локалните области – луѓето таму се снаоѓаат сами“.

Навистина, инсистирањето на локалните медиуми дека „сами да се снаоѓаат“ главно потекнува од недоволната институционална доверба, зачестеноста и непосредната близина на заканите со кои се соочуваат. Меѓутоа, овој тип на самостојност не секогаш подразбира изолација. Напротив, **меѓу колегите од внатрешноста се јавува солидарноста како еден неформален, но силен, алтернативен заштитен механизам.** На пример, еден новинар раскажа дека кога негова колешка-новинарка добила закани по живот, колегите новинари колективно извршиле притисок врз полицијата за да се лоцира сторителот. **Заедничката акција резултирала со успешна интервенција,** па лицето било пронајдено само неколку часа подоцна и притворено. Осврнувајќи се на инцидентот, новинарот истакна: „Мора да се штитиме меѓусебно зашто ако чекаме да нè заштити државата, ќе пропаднеме“. Во тој контекст, колективното здружување меѓу новинарите претставува замена за институционална заштита.

Солидарноста се појавува и во помалку видливи но подеднакво значајни форми. Според друга новинарка, **колегите самите организирале психолошка поддршка** по трауматичниот настан со пожарот во Кочани на почетокот на годината. Со оглед на природата на работата во медиумскиот сектор, таа ја истакна потребата од пристапна психолошка поддршка, особено при известување за трауматични настани поврзани со загубени животи или колективен шок.

Но не се работи за изолирани искуства. Во извештај на ЗНМ/ССНМ од 2022 година се посочува дека дури 50,5% од медиумските професионалци размислувале да ја напуштат професијата,[119] што укажува на кумулативен ефект на незадоволство, финансиска нестабилност и хроничен замор. Нашите интервјуа го потврдија ова, при што еден новинар посочи дека неколку колеги постепено се повлекле од новинарството како резултат на постојан стрес, притисок и несоодветна плата. Во истиот извештај, 59% од испитаниците ги посочиле психолошкиот замор и стресот како главни ризици во работата, додека 45,9% ги потенцирале заканите и другите форми на психолошко насилство како сериозни ризици.[120] Во контекст на потенцијални закани, една локална новинарка призна дека:

> „Притисокот и заплашувањето оставаат последици врз психата, не дека нешто [насилно или лошо] ќе се случи, но **предизвикуваат стрес.** Мислам дека институциите не реагираат соодветно дури и во посериозните

---

[119] Ибид.

[120] Јошеска, Б. & Џигал, С. (2022). *Со заедничко дејствување до поголемо почитување на правата на новинарите и на медиумските работници.* ЗНМ & ССНМ. Преземено од: https://tinyurl.com/mzj6wab8 на 15.12.2025.

> случаи; законот е таков што додека не се случи нешто сериозно, ништо не се превзема. Сепак, меѓу колегите постои солидарност.“

Во состојба на замор, несигурност и ограничена институционална заштита, бројни локални новинарки ја истакнаа **значајноста на неформалните мрежи и поддршката од колегите.** Таков пример, посочен од испитаниците, е **Програмата за новинарки** воспоставена од независната и непрофитна **Платформа за истражувачко новинарство и анализи (ПИНА),** којашто ги обединува новинарките од целата земја преку комбинација на колективни (онлајн) состаноци, менторство и платена уредничка работа. Истражувачката, новинарка и поранешна претседателка на ПИНА, Кристина Озимец изјави дека програмата им овозможува на новинарките да работат на стории со поширок дијапазон на теми – од родови проблеми до локална корупција, медиумска слобода и добро владеење – при што добиваат директно менторство, уреднички насоки и финансиска компензација. **Особено за локалните новинарки, ваквите мрежи придонесуваат да се намали изолацијата, овозможуваат пристап до ресурси и експертиза и го зајакнуваат чувството на професионална припадност во медиумска средина каде повеќето мислат дека се препуштени сами на себе.**

# ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА: АВТОНОМИЈАТА, ОГРАНИЧУВАЊАТА И МОЖНОСТИТЕ НА ЛОКАЛНОТО НОВИНАРСТВО



Новинарството во Северна Македонија бележи длабока и често контрадикторна динамика. Од една страна, голем број новинари и понатаму се водени од професионална цел, автономија и релевантност во секојдневната работа. Од друга, како што покажуваат наодите, тие дејствуваат во рамки на медиумски систем што се одликува со економска нестабилност, политички притисоци, институционална кревкост и нееднаква заштита, **услови коишто несразмерно ги засегаат новинарите, а пред сè новинарките на локално ниво.**

Наведените противречности беа потврдени и во национално истражување според кое и покрај тоа што мнозинството новинари (78%) изјавиле дека се задоволни со личното ниво на автономија во секојдневната работа, **само 18% мислат дека медиумите во Северна Македонија се потполно или прилично слободни.** Повеќе од половина (56%) ги опишуваат медиумите само како „донекаде слободни“.[121] Ваквиот јаз посочува на структурна дискрепанца: на индивидуално ниво новинарите сметаат дека можат да известуваат независно, но сепак пошироките политички и економски услови, како и сопственоста на медиумот значително го ограничува досегот, влијанието и одржливоста на нивната независност. Како што вели еден локален новинар: „Би било покорисно доколку институциите повеќе се фокусираат на темите за кои пишуваме, а помалку на личноста што го пишува текстот.“ Наместо тоа, новинарите се соочуваат со лични притисоци, закани кон семејството и долгорочни последици кои се протегаат и надвор од редакциите.

Истовремено, и покрај распространетата јавна недоверба кон медиумите како институции, неодамнешното истражување потврди дека **граѓаните сè уште го сметаат новинарството како темел на демократијата и столб на јавниот интерес.** Без оглед на возраста, постои споделена перцепција за демократската вредност на медиумите, и покрај песимистичките оценки за тековното функционирање – став што се должи на политичката поларизација, корупција и економска нестабилност. [122] Локалните новинари го потврдија овој парадокс: додека довербата во медиумите е кревка, **јавноста особено го почитува и вреднува истражувачкото новинарство.** Истакнуваат дека во кризни моменти, како примерот со пожарот во Кочани, вниманието на јавноста дополнително се насочи кон темите на корупција и отчетност, што резултираше со силни реакции дури и кај малите, локални стории.

Неколку испитаници изјавија дека **потврдите за резултатите на нивното известување или барем поттикнувањето на реални промени во заедницата претставува мотивација да продолжат** – од градење на училишта и асфалтирање на патишта до градење на спортски сали и јавна инфраструктура. Еден локален новинар посочи дека и покрај исцрпеноста и непроспиените ноќи, „работата ме прави горд и среќен кога ќе видам дека во моето село се гради училиште заради натписот што го напишав“. Наведените примери ја истакнуваат **единствената демократска вредност на локалното новинарство:** близината до граѓаните, можноста јавниот интерес да се преточи во специфичен исход и потенцијалот повторно да се изгради довербата од нула.

---

[121] Трпевска, С. (2023). Работни услови во медиумскиот сектор: професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници. ССНМ & РЕСИС. Преземено од: https://tinyurl.com/29suyx3m на 15.12.2025.
[122] Никодиновска, В. (2025). Етиката, довербата и јавниот интерес клучни и во дигиталната доба. МИМ, Скопје. Преземено од: https://tinyurl.com/npx9m4dm на 15.12.2025.

Сепак ваквиот потенцијал се наоѓа под сé поголема закана. **Бројот на локални редакции се намалува или исчезнува, работниот товар не е одржлив, а новинарите често се присилени да работат сами или во неколку медиуми за да преживеат.** Родот додава уште еден слој на ранливост кон условите. Новинарките – како мнозинство во професијата – оперираат во истиот структурен прекаритет додека истовремено се соочуваат со **родово вознемирување, дискриминациони трудови практики и несоодветна реакција на институциите кон вознемирување во дигиталната и физичката сфера.** Во локален контекст каде нема доволно персонал но постојат финансиски притисоци, родовата дискриминација често зазема притаени форми иако ретко е позната како таква: што значи дека родово-заснованите прашања претставуваат „луксуз“ во екипи каде едвај се постигнуваат основните услови за работа. Како резултат на непостоењето на јасни протоколи, техничка поддршка и заштитни механизми, новинарките, особено оние во локален контекст, „се препуштени сами на себе“, при што ризикот се нормализира како дел од работата и се поттикнува култура на молчење и на потпирање единствено на себе.

Сепак новинарите не се пасивни. **Неформалните мрежи, колегијалната солидарност и иницијативи предводени од жени претставуваат суштински механизми за поддршка, особено таму каде што институциите реагираат ретко или никогаш.** Локалните новинарки особено ја истакнуваат важноста на мрежите за споделување на информации, емотивна поддршка, менторство и професионални можности – простор во кој родовиот аспект на трудот, вознемирувањето и работниот премор колективно се именуваат наместо да се трпат индивидуално. **Наведените практики посочуваат на алтернативни модели на отпор кои не се условени од формалните структури, но сепак истите не претставуваат замена за систематските решенија.**

Одржливоста на новинарството, особено на локално ниво, покренува итни прашања за иднината на професијата. **Бројот на студенти кои се запишуваат на студиите по новинарство, медиуми и комуникација драстично опадна** во последната декада, од околу 200 студенти годишно на само 30 во академската 2023/2024.[123] Ваквиот пад посочува не само на криза во репродукцијата на трудот, но и на поширока ерозија на новинарството како доходна професија. Реторичките заложби за медиумска слобода не се доволни за да се поврати овој тренд; неопходни се специфични подобрувања во работничките права, обуки, плата и професионално признавање, со посебно внимание на родовите нееднаквости.

**Конечно, како што покажа истражувањето, поголема медиумска слобода во Северна Македонија не повлекува само униформирани, централизирани решенија. Локалното новинарство функционира под посебни услови, притисоци и можности што налагаат специјално осмислени пристапи а не репликација на модели наменети за националните медиуми. Додека истражувањата за довербата на јавноста посочуваат дека локалното новинарство не е доволно издвоено од националното, нашите наоди ја потврдуваат критичната демократска улога со која располага и потенцијалот како место за повторно градење на кредибилитет, отчетност и учество на јавноста. Потребата да се земат во предвид уникатните**

---

[123] Никодиновска, В. & Чаусидис, Т. (2025). *Сиромашен медиумски пазар, ниски етички стандарди, потреба од ефикасно законодавство.* МИМ, Скопје & Фондација “Mediacenter”, Сараево. Преземено од: https://tinyurl.com/3uf6kvdx на 15.12.2025.

искуства на локалните новинари – особено новинарки – при составувањето на идните политики, буџетска и заштитна рамка не претставува само прашање на еднаквост туку предуслов за поотпорна и вистински демократска медиумска клима.

# ПРЕПОРАКИ

## Развој на механизми специфично насочени кон поддршка на локалното новинарство

Креаторите на политики и донаторите мора да воочат дека локалното новинарство се соочува со специфични и поизразени ризици во споредба со националните медиуми. Механизмите за поддршка мора да се оддалечат од модели на финансирање фокусирани исклучиво на главниот град и да им дадат приоритет на локалните медиуми и дописници, особено во недоволно опслужените региони. Ова вклучува мали и флексибилни грантови што одговараат на обемот и капацитетите на локалните редакции и ја намалуваат нивната зависност од политичко или клиентелистичко рекламирање, како што се микрогрантови за итни потреби, основна оперативна поддршка или поедноставени механизми за финансирање прилагодени на локалните редакции и дописници.

## Воспоставување на одржливо финансирање од јавен интерес за медиумски плурализам

Северна Македонија мора да даде приоритет на **воспоставувањето на независен Фонд за медиумски плурализам** со цел поддршка на новинарство од јавен интерес, особено на локално ниво. Иако доделувањето проектни финансиски грантови и понатаму има важна улога, неодамнешните повлекувања на средства покажуваат дека потпирањето на краткорочни грантови е неодржливо и ги става локалните медиуми во неповолна положба поради недостатокот на административен капацитет и мрежи за да се натпреваруваат со поголемите медиуми со седиште во Скопје. Независен фонд за медиумски плурализам, **управуван врз основа на транспаренти критериуми, надзор од страна на различни чинители и заштита од политичко влијание,** би имал клучна улога во намалувањето на политичкото и економското влијание (и притисок) во локалниот контекст, со што ќе се овозможи поддршка на критичкото новинарство без професионалнците да бидат принудени на автоцензура за да опстанат.

## Зајакнување на работничките права и правна заштита за новинарите вработени со нестандардни договори

Работното законодавство и медиумската регулатива треба експлицитно да ја адресираат реалноста на фриленс, хонорарната работа, договорите на дело и хибридните работни улоги вообичаени за локалното новинарство. Ова вклучува **проширување на работничките права, пристап до социјално осигурување и правна заштита** за новинарите кои работат без постојани договори, како и за оние ангажирани во онлајн медиуми.

Паралелно, **медиумската регулатива треба да ја зајакне заштитата од внатрешно влијание од страна на сопствениците и раководителите** и да воведе појасни гаранции за уредничката независност и применливи механизми за заштита од внатрешни притисоци. Воведувањето на **задолжителна регистрација и мониторинг на дигиталните медиуми** ќе претставува дополнителен чекор кон **поголема транспарентност за сопственоштвото и отчетност на уредниците,** создавајќи регулаторна основа за решавање на внатрешните притисоци, трудовите прекршоци и нарушувањето на новинарската независност, а одовде и **зголемена новинарска заштита во дигиталните и локалните медиуми.**

## Воведување на родово-одговорни безбедносни протоколи и институционална поддршка

Иако формално постојат протоколи за постапување при вознемирување во дигиталната и физичката сфера, **нивната примена останува нерамномерна и недоволно родово-сензитивна.** Медиумските организации, професионалните здруженија и јавните институции треба **да ги зајакнат и институционализираат механизмите насочени кон заштита од родово-засновани закани,** вклучително и загарантиран пристап до правна помош, психолошка поддршка и помош за дигитална безбедност. Ова бара појасна надлежност, одржливо финансирање и поголема координација меѓу институциите, синдикатите и професионалните тела, особено ЗНМ и ССНМ, со цел да се обезбеди постојана ангажираност на локално ниво. Проширувањето на нивниот досег и присуство надвор од Скопје е од суштинско значење, бидејќи жените новинарки во локалните средини во моментов се соочуваат со зголемени ризици, слаби институционални реакции и нормализација на вознемирувањето како „дел од работата“. Понатаму, неопходно е да се воведат редакциски политики и институционални механизми за поддршка со што мајчинството повеќе нема да биде основа за дискриминација меѓу новинарките или пак препрека за професионален напредок.

Ова треба да вклучува **задолжителни родово сензитивни проценки на ризик и протоколи** за постапување во рамките на медиумските организации, како и **институционална отчетност** во случаи на непостапување по пријавени закани.

## Вложување во техничкиот капацитет и дигиталните вештини кај локалните редакции

Програмите за поддршка треба да вклучуваат **практична техничка поддршка** за локалните новинари, како пристап до платени бази на податоци, алатки за проверка на факти, основна опрема и обука за дигитално истражување, мултимедијална продукција и проверка дали податоците се генерирани со вештачка интелигенција, со фокус на **практично стекнување на знаење во рамки на самите редакции наспроти еднократни обуки.** Во локален контекст, каде новинарите често работат и како уредници, технички лица и дистрибутери, зајакнувањето на овие капацитети е неопходно за да се подобри квалитетот на известувањето и професионалната истрајност.

## Признавање и поддршка на неформалните мрежи меѓу колегите и механизмите за солидарност

Во истражувањето се истакна значајноста на **неформалните мрежи, солидарноста меѓу колегите и менторството,** особено меѓу новинарките, како алтернативни механизми за заштита и поддршка. Иницијативите како што се неодамна основаната женска мрежа „ЕДНАКВА“ и Програмата за новинарки на ПИНА имаат клучна улога во заштитата и поддршката на (локалните) жени во медиумите во случај кога формалните механизми се ограничени или недостапни. Во програмите за поддршка на медиумите треба да се приоретизира зајакнувањето и проширувањето на структурите засновани на колегијална поддршка преку постојана поддршка за менторството, креирање на безбедни простори и колективно учење, **вклучително и мали грантови, координативна поддршка и препознавање на неформалните мрежи како легитимни тела во рамките на медиумскиот екосистем.**

## Приоретизирање на вклучувањето на младите и долгорочната одржливост на новинарството

Намалениот број на студенти запишани на новинарски студии и сеприсутната разочараност меѓу младите претставува суштински предизвик за професијата. Имплементацијата на поширокот сет на сеопфатни препораки е од суштинско значење за професијата повторно да стане привлечна и одржлива за младите. Идните интервенции треба **да ги зацврстат алките помеѓу образованието, локалните медиуми и истражувачкото новинарство преку менторство, соработка меѓу универзитетите и студентските организации и можности за платени почетнички позиции,** особено во локалните и регионалните медиуми. Поддршката на младинската вклученост не е клучна само за обновување на работната сила, туку и за враќање на довербата во новинарството како демократско јавно добро.

## Подобрување на начинот на прибирање на податоци и истражување за локалните и родовите динамики во медиумите

Идните истражувања и механизми за мониторинг, вклучително и оние водени или нарачани од јавни институции и донатори, треба да одат подалеку од националните процеси и институционалните проценки, со цел да ги опфатат секојдневните искуства во локалните редакции, вклучително и начинот на кој родот, возраста и прекарноста се испресекуваат со локалниот контекст. Особено внимание треба да се посвети на подрачјата надвор од главниот град, кои остануваат недоволно застапени и во истражувањата и во креирањето политики.

## Спротивставување на штетните наративи и нормализирањето на насилството преку интервенции во јавниот дискурс и медиумската писменост

Покрај законските, институционалните и финансиските реформи, **справувањето со структурните предизвици со кои се соочува локалното новинарство бара континуирани напори за соочување со и предизвикување на штетните општествени норми, митови и дезинформации** што го нормализираат насилството, ја поткопуваат довербата и го нарушуваат легитимитетот на новинарството, активизмот и граѓанското учество. Ова истражување покажува дека родово базираното насилство, вознемирувањето и заплашувањето, особено во онлајн просторот, во голема мера се перципираат како „дел од работата“, додека новинарите и граѓанските организации сè почесто се дискредитираат преку лажни наративи, координирани кампањи за оцрнување и лажни вести преку кои се претставуваат како пристрасни, водени од странски интереси или непријателски настроени кон „традиционалните вредности“. Во медиумска средина заситена со дезинформации и намалена јавна доверба, ваквите наративи ја намалуваат способноста на општеството да препознае злоупотреба, да бара отчетност и да го поддржи независното новинарство. Затоа, јавните институции, медиумските организации, образовните институции и граѓанското општество треба да инвестираат во **долгорочни интервенции за создавање на наративи и медиумска писменост кои ќе поттикнуваат критичко ангажирање со информациите, ќе ги оспоруваат родовите стереотипи и дезинформациите и повторно ќе го афирмираат новинарството како јавно добро, а не како политичка или идеолошка закана.**

Без соочување со овие подлабоки нормативни динамики, техничките заштитни мерки и механизмите за финансирање сами по себе нема да бидат доволни за спротивставување на ерозијата на демократската отпорност на локално ниво.

